СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто о продолжение на Шеесет и шеста седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 мај 1997 година

Скопје, мај 1997 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА**

**66-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**

**МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 7 МАЈ 1997 ГОДИНА**


1. АБДИ ФАИК - 28
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 36
з. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 24, 65, 67
4. ВРЕВЕЗОВСКИ ДИМИТРИЈА - 20
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 43
6. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ - 72
7. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 73
8. МАЉИЧИ НАЗМИ 14,18
9. МИНОВ ПАНЧО - 31, 35 '
10 НАСТЕВСКИ КИРИЛ - 2, 55, 59
11. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 49, 51
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 60, 79
15. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 61, 78(зам. министер за правда)
14. РАМАДАНИ САЛИ - 52, 63
15. РАМАДАНИ ХИСЕН -71
16. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 5, 10
17. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 40, 43
18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 76
19. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 11
20. ТРАЈКОВ РИСТО - 69
21. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 74

Точка 2:Нацрт закон за комунални дејности-стр.1
Точка 3-стр.61(Предлог за донесување на закон за јавниот правобранителство)
Точка 4:стр.80
Точка 5:стр.80
Точка 6:стр.81
Точка 7:стр.82


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 мај 1997 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кире Видимче, Алил Џафероски, Ванчо Чифлиганец, Санде Џамбазовски, Илинка Митрева, Благој Стефановски, Пеце Стојановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во ваше и во мое име да му го честитам роденденот на Мирко Иванов и да му посакам успех во работата, добро здравје и лична среќа.

Минуваме на точката 2 - Нацрт-закон за комунални дејности.

Нацртот на законот и извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратениците Здравко Стојковски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Славе Наумовски, Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор.

Има збор заменикот министер за урбанизам и градежништво Кире Настевски.

**КИРЕ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во временски период од околу 6 месеци откако Собранието на Република Македонија го разгледа и усвои Предлогот за донесување на закон за комунални дејности, денеска пред вас е на усвојување и донесување Нацртот на закон за комунални дејности што го предлага Владата на Република Македонија.

Во изминатиот период, во фазата на подготвување на овој Нацрт на закон, респектирани се и во најголем број вградени предлозите и мислењата на работните тела на Собранието на РМ, собраниските комисии и пратениците на Собранието.

Потребата од одредени интервенции во текстот произлезе и од третирањето на прашањата од областа на комуналните дејности во Законот за уредувањето на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа кои произлегуваат. Потоа новите состојби со започнување со работа на единците на локалната самоуправа во однос на јавните претпријатија до комуналните дејности, како и од другите согледувања со кои се цени дека комуналните дејности ќе бидат во функција на корисниците на услугите единиците на локалната самоуправа и во целина на Република Македонија.

Со Нацртот на законот за комунални дејности јасно се утврдува важноста на овие дејности за животот и работата на граѓаните, како сфера што непосредно учествува во секојдневните активности и потреби и директно во врска со заштитата на животната средина и природата.

Нацртот на законот содржи осум поглавја и со него во суштина се утврдуваат условите и начинот на вршење на комуналните дејности, правата и обврските на комуналните претпријатија, финансирањето на

комуналните дејности, надзорот и другите прашања од значење на комуналните дејности. Прецизното определување на сите комунални дејности што можат да ги вршат постојните и новоформираните јавни претпријатија најавува донесување на посебни закони односно акти на општините и Градот Скопје, со што поблиску ќе се регулираат определени дејности.

Прашањето за сопственоста над објектите на комуналната инфраструктура е важен сегмент во Законот, со што директно се одбегнува полагањето на сопственост над комуналната инфраструктура, што е интенција во определени средини.

Исто така, разграничувањето на комуналната потрошувачка на индивидуална и заедничка е од суштинско значење за функционирање на комуналните дејности и нивното финансирање.

Организацијата и начинот на вршењето на комуналните дејности преку јавни претпријатија, концесија или дозвола дава можност за обезбедување широка мрежа во овие дејности со покривање на целата територија на државата. При тоа, даден е соодветен третман на постојните јавни претпријатија за нивно рационално искористување. Со оглед на важноста на определени комунални дејности што се од витален интерес, во услови кога не е обезбедено нивно извршување, тоа 1се го обезбеди Владата на Република Македонија на товар на Буџетот на единицата на локалната самоуправа.

За регионални инфраструктурни системи што се од посебен интерес за Републиката јавно претпријатие основа Владата, а особено во областа на водоснабдувањето, канализационите системи, депонирањето на комуналниот отпад, индустрискиот отпад и штетните материи. Јавното претпријатие во областа на комуналните дејности може да се организира и како друштво со ограничен одговорност, односно

акционерско друштво со вложување на средства на физички и правни лица, односно право за вршење на комунална дејност може да се стекне и по пат на концесија или дозвола, а дејноста може да ја вршат правни и физички лица.

Поради шареноликоста на досега постојната општинска регулатива и изразените негативни импликации особено во финансирањето на комуналните дејности, со овој закон е дадено особено внимание на обезбедување средства за вршење на комунални дејност, за изградба и одржување на комуналната инфраструктура, како и за набавка на опрема и уреди на комуналната инфраструктура.

Меѓу останатите интервенции во оваа фаза на законот е и прашањето за надоместокот за употреба на градежното земјиште. Со оглед на тоа што дел од средствата на овој надоместок се определуваат како средства за вршење на комуналните дејности, сметавме дека со овој закон треба да се разработат и сите други прашања на надоместокот за употреба на градежното земјиште, што не значи дека тоа не може да се решава и со Законот за градежно земјиште, па и со други закони.

На исти начин и од исти причини е постапено и со надоместокот за привремено користење на градежното земјиште. Мотивот за вметнување на уредувањето на градежното земјиште во Нацртот на законот е тој што уредувањето се оформува како дејност од јавен интерес и со уредувањето на градежното земјиште најмногу се градат објекти на комуналната инфраструктура што е основа за функционирање на комуналните дејности. Во парламентарната процедура на овој закон, односно разгледувањето на Законот од Комисијата за градежништво и урбанизам и ЗПК на овие прашања им беше посветено соодветно внимание. Дадени се квалитетни предлози што при подготвувањето на следната фаза на законот ќе треба да се реализираат.

Со овој закон, за првпат во нашата законска регулатива во областа на надзорот ќе стартува комуналната инспекција. Во изминатиот период работата на оваа инспекција беше регулирана со општински одлуки. Надлежностите беа испреплетени со други инспекции а немаше и второстепен орган во таа област.

Вообичаено, како и во многу други законски проекти овој закон содржи и казнени одредби за казни што се изрекуваат против правни лица даватели односно корисници на комуналните услуги, одговорни лица и против физички лица.

Со преодните и завршни одредби определени се рокови за извршување на прописите на овој закон, усогласување на прописи, како и престанок на важноста на определени прописи.

Имајќи предвид дека законот е сложен и сугестијата за негово поскоро донесување заради значењето и улогата за граѓаните и работењето на комуналните претпријатија, ценам дека низ фазата на нацрт - закон ќе се добијат нови предлози и размислувања, крајно и од денешната дискусија, така што Предлогот на закон што наскоро ќе биде пред вас верувам дека во најголем дел ќе одговори на сите до сега поставени прашања и дилеми.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг се јавува за збор.

Збор има г-дин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, пред нас е еден многу важен закон Предлог за донесување што беше предложен како предлог на закон а сега се договоривме да оди во две фази што беше и мислење на Комисијата за урбанизам и по неколку искажани мислења сите ние го прифативме овој начин на разгледување на законот бидејќи е многу битен, а особено заради функционирање на таканаречената четврта власт, односно со овој закон се уредува основната надлежност на локалната самоуправа, а тоа е уредувањето на комуналиите.

Иако сега законот сега го работиме како закон во прва фаза, мислам дека има место за многу корекции, бидејќи во овој закон многу јј нешта по мое мислење треба и да се дооработат. \

Иако законодавецот се обидува, прави напори со овој закон да определи неколку области, како што е областа од комуналиите и областа за употреба и уредување на градежното земјиште, јас мислам дека со еден закон тие две многу битни работи за функционирање на локалната самоуправа не би можеле да идат. Според тоа, мое мислење е дека во идната фаза овој закон треба да оди како два закони, закон, како посебен, за уредување на градежното земјиште и закон за комунални дејности.

Ако се гледа членот 6 од овој предложен текст на законот, каде што се опишува кои се дејностите на комуналиите и што се подразбира под комуналии во точката еден стои многу јасно дека комунални дејности во смисла на овој закон се снабдување со вода за пиење, со што се подразбира опфаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерни инструменти, опфаќајќи го и мерниот инструмент. Продолжува понатаму таксативното набројување кои се дејности спаѓаат под комунални дејности.

Една од многу битните точки за мене што сакам да биде предмет на расправа на оваа седница е точката 10 од членот 6 каде што стои дека одржување и користење на паркови и зеленила, парк - шуми и рекреативни површини, при што се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и сл.

Зошто овие две точки до членот 6 ги спомнувам? Ова е многу битно особено за Градот Скопје и новоснованите општини. Односно, општините кои произлегоа од Градот Скопје, затоа што на овој начин, односно имаме два закони многу битни, кои што понатаму ќе влијаат како ќе може да се спроведат законските обврски од овој закон, а тоа се

законот за спроведување на новата територијална поделба, односно за уредување на односите меѓу новоосnованите општини и законот за Градот Скопје.

Ако се има предвид дека во Законот за спроведување односно уредување на односите помеѓу новоосnованите општини, каде што во членот 7 стои дека јавните комунални претпријатија не се предмет на поделба, тоа значи дека дејноста од оваа област ќе може да се уреди со уредување на односите меѓу новоосnованите општини и општината од која произлегуваат, ќе дојдеме до констатација дека новоосnованите четри-пет нови општини од Градот Скопје со меѓусебен договор треба да ги уредуваат тие односи за кои, за жал, имаме многу јасна пракса дека до тоа уште до ден денеска ниту една од новоосnованите општини таков договор или обид да се направи договор со кој ќе се уредува како ќе функционира ова јавно претпријатие, не е направено. А, згора на тоа имаме една друга јасна иницијатива поднесена од градоначалникот на Градот Скопје кој покренува иницијатива за сменување на сите директори на јавните претпријатија, заборавајќи при тоа дека тие јавни претпријатија вршат услуги и на новоосnованите општини. Тоа значи дека во најмала рака дека оваа иницијатива требаше да се координира или да се усогласи со интересите на новоосnованите општини, што за жал до ден денеска тоа не е направено.

Што останува? Во точката 6 од Законот за Градот Скопје каде се набројуваат ингеренциите на Градот Скопје, во точката 9 стои: Организира снабдување со вода за пиење од изворот Рашче и бунарот Нерези и Бардовци и по целата должина на основната и секундарната водена мрежа и одведување на отпадните атмосферски води, согласно на закон. Ве потсетувам дека изворот Рашче не е на територија на Градот Скопје, што значи по автоматизам некоја посебна ингеренција е дадена на Градот Скопје да организира водоснабдување од извор кој

што не се наоѓа на територијата на Градот Скопје. Но, не само тоа, во точката 10 уште стои дека го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавната чистота и депонирање на сметот на депонијата Дрисла и другите депонии од значење за градот во согласност со законот. Исто така, и депонијата Дрисла не се наоѓа на територијата на Градот Скопје, а со Законот за Градот Скопје испаѓа дека уредување и организирањето треба да го врши Градот Скопје.

Понатаму, во точката 13 стои дека го уредува начинот на одржување и користење на градскиот парк, паркот Жена - борец, парк Шума Водно, парк Шума Гази Баба, постојните спортско рекреативни површини и рекреативната зона Водно – Сарај - Матка, и заштитните подрачја во согласност со законот за просторните и урбаните планови. Што значи со оваа точка се обидува ингеренциите за организирање и уредување на начин на користење на парковите што не се наоѓаат на територија на Градот Скопје дадени се во ингеренција на Градот Скопје.

Од друга страна, со законот во точка 1 рековме дека зборуваме и дека овој закон треба да уредува начин на користење и уредување на водите. Јас се плашам, иако е даден во некој член, во кој стои дека ако водата се простира на повеќе општини, тоа ќе се уредува со меѓусебен договор на општините. Се прашувам кој и каков договор и дали воопшто некогаш ќе се успее да се дојде до таков договор ако се има предвид Законот за Градот Скопје каде Градот Скопје има ексклузивно право да уредува некои односи, да организира. Според тоа, за мене овој закон во овие точки би можел понатаму и би требало понатаму да се коригира со тоа што е уредувањето. Јас не сум против тоа, не мислам дека изворот Рашче може да се уредува и треба да го уредува само општината Кондово, но тоа треба да се уредува со взаемна спогодба или да прерасне, како што се предлага во членот 15 или 16 како јавно претпријатие од државен интерес. Во секој случај тоа може така да стои

но со тоа што треба да стои член во кој ќе се каже јасно и децидно дека престануваат да важат точката 9, точката 13 и точката 10 од Законот за Град Скопје. Во спротивно ние секогаш ќе се натегнуваме односно новосоздадените општини со Градот Скопје и никогаш нема да дојдеме до решение.

Реков, ова досегашно функционирање на Градот Скопје и ново-основаните општини дава доволно докази дека до таква спогодба не може да дојде. А, ако треба да се спомне рековме дека денеска имаме иницијатива без никакви консултации со другите заинтересирани страни, со другите општини кои чекаат да ги уредуваат односите, напротив, тие место да покренуваат иницијатива за уредување на тие односи, ние имаме иницијатива која е главно за менување на сите директори на јавни претпријатија. Дали има логика и дали воопшто може да се дозволи една ваква анархија во уредување на комуналната дејност во Градот Скопје.

Пред неколку дена имавме случаи кога во ЈП "Водовод" имаше конкурс за прием на вработени општи работници. Од 15, верувајте сите беа примени без било каков договор со новите и другите новоосновани општините.

II/1 лп/вц

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:** (продолжение)

Мислам дека во овој текст на предложениот закон, во овие точки односно во овие членови од законот бездруго треба да се интервенира.

Друга работа што би сакал овде да спомнам: исто така, во законот се предвидуваат и казнени одредби за тие кои ќе се приклучуваат во сите комунални услуги,ако се тие диволградби. И при донесувањето на законот за трговски друштва јас укажував на едно многу лошо решение, кога сакавме со друг закон , наместо со закон кој е донесен ексклузивно за тоа да ја спречува дивоградбата, ние се обидуваме со сосема друг закон да уредуваме, односно да спречуваме дивоградба. Според мое мислење вака нешто со овој закон не може да се уреди од проста причина што ако затаиле сите други превентивни мерки и е дозволено да се направи градежен објект без градежна дозвола, ј а со последниот чекор што треба да се направи да се вклучи во некоја водоводна мрежа или да се здобие со друга комунална услуга ние сакаме да спречиме дивоградба. Јас сум убеден дека со ова решение ние, само ќе поттикнеме корупција, затоа што ако човекот вложил 100 илјади или 200 илјади марки и никој пред тоа не успеал да го спречи тој да направи таков објект, во моментот кога ќе дојде да се приклучи на вода ние сакаме да го спречиме. Јас ве убедувам дека тоа ќе биде многу добар мотив тој човек да направи се, да корумпира некого, да уплати некому и да се приклучи кон таа водоводна мрежа или кон други комунални услуги.

Според тоа, според мене, не би требало да стои член во кој ќе се каже дека нема да се здобијат со такви услуги.

Инаку, друга работа, е тоа што и понатаму мислам дека делот за уредување на градежното земјиште треба да се уреди со посебен закон затоа што оваа материја е многу чувствителна и многу битна за функционирање на новооснованите општини.

II/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници иако Законот за комунални дејности сега засега е закон што ќе биде во служба само на градските средини каде што се уредени овие дејности, а не и за селата во кои нема никаква комунална инфраструктура, како пратеник од село и јас сакам да кажам некој збор за содржината на овој закон.

Ќе почнам со моето убедување дека луѓето кои работеа на изработката на овој закон имаат понудено добар закон за регулирање на комуналните дејности за новите односи во нашето работење и живеење. Јас ќе го подржам неговото донесување. Ќе го подржам затоа што со овој закон со помош на државата и селата, кога тогаш, треба да видат некој комунален благодет. Ќе гласам за донесување на овој закон затоа што со него Владата на Република Македонија се обврзува да формира јавни претпријатија за регионални системи за вода за пиење, преку кои и многу села ќе добијат вода за пиење.

Второ, ќе гласам за овој закон, бидејќи со државни пари ќе можат да се градат и селски мрежи за канализација.

На крајот, ќе гласам за новиот Закон за комунални дејности и затоа што со него ќе се направи ред со градските ѓубришта што сега некои поголеми градови ги имаат лоцирано во селските средини.

Почитувани пратеници, според овој закон Владата на Република Македонија треба да формира шест регионални системи за снабдување на нашево население со вода за пиење. Еден од нив ќе добие и Битола. Станува збор за системот Меџитлија. Со овој систем, водата за пиење од филтерницата во Дихово треба да стигне до вештачката граница со Грција. Притоа, жедта за вода за пиење треба да ја решат селата Оптичари, Средно Егри, Жабјанк, Меџитлија, Лажец и Кременица.

II/3

Покрај овие села, од овој систем се планира да добијат вода за пиење и неколку села од другата страна на Македонија. Изградбата на системот Меџитлија мора да почне годинава. Меџитлија мора да има предност над другите системи бидејќи овој систем носи вода за нашиве погранични села, за чуварите на границата, за царинарницата и пограничната полиција. Сега засега селата од овој реон и овие органи на државата вода за пиење во туби и шишиња носат дури од Битола. Системот Меџитлија има крак за с. Рибарци и тука завршува овој систем. Со оглед на тоа што во општините Новаци, Добрушево и Могила исто така вода за пиење немаат уште 15 села, предлагам системот Меџитлија да се прошири и на територијата на овие селски општини. Неговата траса треба да биде Меџитлија, Гнеотино, Рибарци, Новаци, Будаково, Ношпал со крак за село Могила.

Господо, со проширувањето на системот Меџитлија во ова подрачје вековниот проблем со вода за пиење како што реков треба да го решат уште 15 села. Вода за пиење треба да добијат селата Гнеотино, Горно и Долно Огненци, Деладегоци, Дедебалци, Потур, Ценичани, Трат, Будаково, Алинци, Мусинци, Добрушево, Ношпал, Долно Чарлија, Радобор и најголемото битолско село Могила. Овие села без помош од државата уште 100 години треба да бидат жедни за вода за пиење. Нивната сиромаштија не дозволува да помислат на изградба на современи водоводи, освен бегање од селото во градот и на преселба. Инаку, во овие села сеуште нема купатила, сеуште нема ни машини за перење.

Од овие причини предлагам во членот 16 во ставот 1 после зборовите "крак" наместо "Рибарци", да стои "Крак Гнеотино, Новаци, Ношпал, Могила".

Се надевам дека ова барање ќе биде прифатено од претставниците на Владата и вградено во Законот за комунални дејности.

Инаку покрај оваа обврска на Владата радува фактот што и селата ќе можат со државна помош да градат сопствени канализации, се разбира кога за тоа ќе бидат создадени некакви услови.

Со овој закон селата треба да добијат и нешто друго, треба да се заштитат од градските ѓубришта што се лоцирани крај нивните средини. По донесувањето на овој закон сигурно дека депониите во Битола и Прилеп што се наоѓаат во непосредна близина на селата Новаци и Алинци нема да бидат загадувачи на овие и другите села. Битолската депонија што е сместена кај рудникот Суводол и им носи големи главоболки на рударите и селаните од околните села - инаку да напоменам од рудникот и ф-ката за струја оваа депонија е оддалечена само 50 м. - по донесувањето на овој закон, се разбира, ако и натаму се остане на таа локација мора, да биде малку поуредена, за да не ја загадува околината. Инаку, рударите и оние што произведуваат струја од РЕК долго време бараат оваа депонија да биде дислоцирана.

Зачудува фактот сега кој му дозволи, покрај тоа што се фрла на оваа депонија ѓубрето од Битола да се фрла ѓубре дури и од Кичево. Морам да пренесам мислење на Новаци дека возилата од Кичево наскоро ќе бидат вратени за Кичево со своето ѓубре.

Депонијата на Прилеп е сместена крај патот Битола - Прилеп. Од неа покрај патениците најмногу страдаат селаните од Адинци. Велат дека не се живее во селото од чад и смрдеа ниту пак можат да работат во нивното поле, а каква вода пијат е друго прашање, бидејќи изборите на нивниот водовод се наоѓаат во близината на оваа депонија.

На крајот збор два околу уличното осветлување бидејќи со овој закон тоа е вклучено во рамките на законот за комуналните дејности. Најнапред за состојбите со снабденоста на земјоделските села со електрична енергија.

Почитувани г-да пратеници, состојбите со електричната енергија во селата чиј пратеник сум јас се од лоши полоши. На прагот на 21 век во средината каде што се произведува 80% од електричната енергија во државата сеуште има села без електрично осветлување, сеуште светат со кандила и газијани ламби. Голем грев за нив, а голема срамота за Битола што дозволила нејзината струја да ја осветлува цела држава а нејзините средини да бидат и натаму во мрак.

Натаму, меѓу 60 села само во неколку села има таканаречена добра струја. Другите села се за жалење. Не дај боже да падне оџакот на РЕК, ќе го потисне селото Добромири, а тоа сеуште кубури за струја. Така е и во селата Будаково, Трап, Лажец, Бач, Гермен, Живоне и кои не други села. Кога овие села ќе добијат добра струја никој не знае да каже.

Уличното осветлување што е предмет на овој закон е посебна приказна за битолските села. Во 8-та изборна единица само во неколку села има улично осветлување, а според некој чуден закон што е донесен во ова Собрание сите села плаќаат такса за улично осветлување, што е околу 50 денари месечно за секој струјомер. Зошто се плаќа нешто задолжително кога граѓаните немаат корист од тоа што го плаќаат. Мене ме интересира некој да каже каде се трошат не мали пари и кога во сите села, покрај во Битола и во нашава држава ќе имаме улично осветлување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Маљичи.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата би сакал повеќе да се даде важност на точката 7.8 од членот 6 и член 15 од предложениот Нацрт на закон за комунални дејности.

II/6

Факт е дека сите населени места во Република Македонија располагаат со таканаречени депонии кои се неуредени во вид на ѓубришта, а најчесто не ги задоволуваат критериумите за постоење на вакви објекти. Напротив истите се многу често непосредно во близина на населените места и од еколошки аспект се многу несреќно избрани локации, при што критериумот за заштита на природната заштита воопшто не е почитуван. Неретко ваквите депонии покрај нивната нерегуларност предизвикуваат последици по здравјето на луѓето но имаат и директно влијание на загадувањето на површинските и подземните води. Ваквите т.н. депонии или ѓубришта вршат загадувања и на пошироки простори од микро локалитет на ѓубриштето. За илустрација да укажеме на фактот дека имаме депонии во заштитните зони на поголемите изворишта кои се користат за снабдување на вода на Скопје. Македонија е премногу мала земја за да може да си дозволи дополнително загадување во делот на цврстите отпади или пак да ја толерира сегашната ситуација. Ако кон ова го додадеме и проблемот со таканаречените техногени цврсти отпади, најчесто се депонираат во круговите или во нивна непосредна близина на индустриските капацитети, хемиски фабрики, конзервна индустрија, рударска итн. состојбата уште повеќе е усложнета.

Од тие причини, неопходен е радикален пресврт при што почетниот чекор веќе е направен со донесувањето на законот за заштита на природата и животната средина. Дополнително како предуслов, со донесувањето на овој закон стојат аргументите наведени во сепаратната студија за управување со цврсти и штетни отпадови во состав на националната еколошко акциона програма која е усвоена од страна на светската банка, Владата на Република Македонија и регионалниот еколошки центар за Југоисточна Европа. Со еден збор, со овој дел Република Македонија пред Меѓународната заедница има и обврска да се доближи до почитување на критериумите и нормите во делот на

заштита на природата и животната средина. Веќе стојат сомневањата дека со ваква загаденост Македонија може да биде предизвикувач на таканареченото трансгранично загадување, ако се земе предвид состојбата со квалитетот на водите на реката Вардар.

Бидејќи е во постапка изработката на новиот просторен план на Република Македонија согласно меѓународните критериуми и норми на однесување, концептот национална еколошка акциона програма во своите приоритети Законот за заштита на природата и животната средина, неопходно е во делот на управување со цврсти отпадоци, а согласно со веќе посочените стратегии, да се почитува рационалноста на барањето за постоење на таканаречени регионални депонии за комунален отпад, најмалку од санитарен тип кои ќе претставуваат систем за примарна и секундарна селекција за сметот, намалување на неговиот волуменот и евентуална негова основна преработка.

Со делот на штетните агресивни токсично отпадоци имајќи ја предвид големината на просторот на земјата, препорачливо е според сите критериуми на територијата на Република Македонија да има само една депонија од таков вид, која би ги почитувала сите критериуми за вакви депонии во изолација и би била сместена на локалитет во близина што најмалку би имало последици за блиското население.

За да може успешно да функционира системот на регионални депонии неприкосновено се наметнува прашањето за нивната рационалност во работењето, но и доставувањето на сметот од населените места. Предвидено е согласно комуналните, сообраќајните и други услови, депониите од таков вид да покриваат територија во радиус од 60 км, за да може да се задоволи критериумот за рационалност но истовремено оправдано економски и од еколошки аспект сигурен транспорт, но комуналниот отпад на регионалните депонии, предвидени

се односно неприкосновено се препорачува систем на претоварни станици од мобилен или стационарен тип, каде што евентуално би можело да се врши селектирање на смет.

Самиот проект за постоење на регионални депонии што е предвиден и во овој нацрт на закон што е ништо ново измислено наметнува еден сосема нов приод во управувањето со цврстите отпадови во сите директни или индифектни вклучувања вклучени субјекти и истовремено гарантира разлика во квалитетот, односно односот кон задоволувањето на еколошките параметри, признати од Европската и Светската заедница. Во секој случај регионалните депонии претставуваат база за отворање на нов циклус во управувањето со цврстите отпадоци, рационалност во однесувањето на комуналните претпријатија но и на граѓаните при што правата и обврските на сите учесници се прецизно определени со овој нацрт.

Ваквите регионални депонии во првите години - конкретно станува збор за Дризла бидејќи во овој нацрт како регионална депонија е спомната само Дризла - и нивното функционирање мора да бидат под контрола или надлежност на државата што значи исклучување на влијанието на локалните фактори, при што како противтежа најмалку да се почитува правото да се знае да се почитуваат основните критериуми.

**НАЗМИ МАЛИЌИ**: (Продолжение)

За ова ресорното министерство, или друг задолжен субјект мора да обезбеди сигурен, постојан и квалитетен мониторинг систем во делот на загадувањето, не повисоко од пропишаното со закон на водата, воздухот, почвата, во исправноста, близината на регионалната депонија.

Сега нешто повеќе за депонија Дрисла. Селото Батинци е одалечено од санитарната депонија само еден километар. Што се однесува до исправноста на водата за пиење, констатација е дека водата е загадена, што последниве години од страна на надлежните служби и Министерството за здравство кои ја испитуваат и вршат лабораториски анализи на водата, населението е предупредено да не ја користи водата и на сите сопственици на бунари и пумпи им беа издадени решенија за забрана на користење на постојните бунари и чешми. И после пет години од изградба на депонија Дрисла, нема аргументи за оправданоста за постоење на таква депонија каде не се почитувани основните критериуми. Како основен критериум оддалеченост од населеното место. Оваа депонија е изградена во катастарската општина на село Батинци општина Студеничани и дел од катастарската општина Ракотинци општина Сопиште. Населението од село Батинци оправдано стравува и депонија Дрисла и депонијата Дрисла како загадувач на околината и подземните води и во пошироки размери, бидејќи во истата не е поставен колектор за прочистување на вишокот на водата, кој истечува надвор од депонијата. Не е поставен глинен или пластичен цев од целосната површина каде што е определено фрлање на сметот и сметот се фрла на чиста земја. Не се поставени ни ленти за селектирање, не се отстрануваат секундарните суровини и тн. Загадената вода која истечува

од депонијата Дрисла директно се влева во Маркова Река, а се разбира и во река Вардар, па од ова може да се види дали депонијата е изградена по проект и дали ги исполнува основните критериуми за регионална депонија. Доколку проектот не се испоштува во тој поглед што останува од заштита на околината во тој дел и каков е притисокот кон населениот и стравот како да се заштитат од подземните води, кои директно влијаат на здравјето и животот на граѓаните на околните места каде што е лоцирана оваа депонија.

Да напоменам уште еднаш дека депонијата Дрисла е изградена во непосредна близина од каде потекнува најголемото загадување на подземните води на овој дел во близина на град Скопје. Но, повеќе се однесува за населеното место Батинци, а неможе да се каже дека истата опасност не е и населбата Драчево и селото Драчево, бидејќи тука е една близина што директно оваа депонија оправдано се смета за загадувач.

Селото Батинци се снабдува со вода, бидејќи мора од тие извори да се снабдува, а уште не е направен ниту еден чекор ова населено место да се поврзе со водоводна мрежа за приклучување со водоводниот систем со град Скопје преку доводниот цевовод што е изграден во близина од каде со вода се снабдува населбата Драчево и блиските села.

Се надевам дека со регулирање на статусот на депонијата Дрисла ќе се мисли поконкретно од страна на конкретното министерство и за последиците што ги имаат граѓаните на овие населени места и ќе се преземат конкретни чекори од страна на Владата или ресорното министерство да се заштити ова население од загадување, а тоа што е најважно да се снабдува со квалитетна вода од Град Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Вревезовски има збор.

**ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОВСКИ:**

Почитуван господин претседатеп, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници.

Комуналните дејности се дејности од исклучително важно значење за современиот живот на граѓаните, затоа што тангираат прашања од вителен интерес за нив. Токму затоа со Законот за локална самоуправа е уредено дека граѓаните непосредно и преку свои претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење во областа на комуналните дејности. Ако знаеме дека комуналните дејности претставуваат незаменлив услов за живот и работа на граѓаните и стопанството, тогаш неминовно се налага потребата од законско регулирање на односите во сферата на комуналните дејности во зависност од нивното место и улога во економскиот систем во нашата држава.

Предложениот текст на Законот за комунални дејности треба да овозможи востановување на законска рамка во која ќе се регулираат условите, начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето и остварувањето на јавниот интерес, организирањето, како и други прашања што се од значеше за оваа област на општествените односи. Но, тој треба да остави доволно простор за поконкретно регулирање на овие дејности од страна на единиците на локалната самоуправа, бидејќи скоро во целост комуналните дејности спаѓаат во изворните надлежности на единиците на локалната самоуправа. Сметам дека понудениот текст на Законот за комунални дејности се впушта во уредување на одредени работи од оваа област, во детали, со што оправдано се поставува прашањето на усогласеност на некои негови одредби со Законот за локална самоуправа.

III/4

На почетокот од мојава дискусија веднаш да кажам дека со Законот кој што ни се нуди како нацрт се прави еден вештачки спој или неприродна конструкција, со тоа што во концептот на Законот кон комунални дејности се придодаваат употребата и уредувањето на градежното земјиште. Имено, употребата и уредувањето на градежното земјиште се отргнуваат од режимот на градежното земјиште каде што покрај сопственоста првенствените права и доделбата на градежно земјиште, име и местото и тие како целина треба да се регулираат во еден посебен закон за градежно земјиште кој во целост ќе го регулира режимот на градежното земјиште. Значи, неупотребата или поточно на надоместокот за употреба на градежно земјиште бидејќи во Нацрт законот за комунални дејности цела глава IV му е посветена само на надоместокот за употреба на градежно земјиште и на уредувањето на градежното земјиште, никако не им е место во структурата на еден закон за комунални дејности, затоа што според карактерот и природата на односите. кои ги опфаќаат и уредуваат овие институти, концепциски не припаѓаат во оваа област.

Во членот 6 од Нацрт законот во 19 точки наброени се кои дејности спаѓаат во комунални. По мое мислење не треба комуналните дејности да завршат со точка 19 од членот 6, туку комунални дејности, по мене, претставуваат и дистрибуцијата и снабдувањето со електрична енергија, и дистрибуцијата и снабдувањето со гас како и ПТТ услугите, бидејќи и во самиот текст на овој Нацрт закон во членовите 11, 28, 31 и 33 каде што се зборува за објекти и уреди на комунална инфраструктура покрај другото се спомнуваат високонапонски и нисконапонски електрични мрежи, трафостаници, производство и испорака на гас и основни и секундарни ПТТ мрежи, како објекти на комуналната инфраструктура.

Во член 8 став 2 стои дека условите и начинот на вршење на комунални дејности од точка 19 на член 6 од овој закон ги уредува општината односно градот Скопје, додека условите и начинот на вршење на комунални дејности од точка 1 до точка 18 на член 6 се уредуваат со закон. Според вака дефинираните надлежности во уредувањето на комуналните дејности општините ќе треба да донесуваат прописи со кои ќе ги уредуваат условите и начинот за отстранување и чување на непрописно паркирани возила, ерадикација на животни скитници, украсување на населени места, одржување на јавни санитарни јазли, аеро запрашување, дезинфекција, дератизација и слично, а Републиката со закон покрај другото ќе ги уреди и одржувањето на улиците, на уличното осветлување во исправна состојба, одржување на улична сообраќајна сигнализација, одржување на паркинг простор, како и одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди. Сметам дека овие одредби, како и одредбите од член 9, став 2, со која при дефинирање на комуналните дејности, при дефинирање на комуналниот ред, истиот се сведува на уредување на односите помеѓу корисниците и давателите на услугите од точка 19 на член 6, треба да се преиспитаат и истите да се усогласат со Законот за локална самоуправа и на општините како на единци на локална самоуправа да им се остави поширок простор за нормативно регулирање на изворните надлежности дадени со Законот за локална самоуправа. А општините верувам дека ќе знаат како да ги уредат односите во овие сегменти од сферата на комуналните дејности, бидејќи тие се од непосреден интерес за граѓаните кои живеат во нив.

Исто така, за преиспитување е и ставот 1 на член 10 кој вели дека градежните објекти, постројките, уредите, инсталациите јавно сообраќајните површини и другите објекти на комуналната инфраструктура се во сопственост на Републиката, бидејќи истиот е во

колизија со Законот за локална самоуправа, а покрај тоа една ваква одредба ќе предизвика проблеми во праксата, затоа што за голем дел на комунални објекти и уреди ќе треба да се издвојува амортизација и средства за нивно осигурување, па се поставува прашање од каде ќе се обезбедат тие средства. Во ставот 2 алинеја 3 и 4 на член 14 од Нацрт - законот треба да отпаднат, затоа што прашањата за вработените и вработувањето на работниците и службениците и именувањето на органите на управување и раководење на меѓуопштински јавни претпријатија за вршење на комунална дејност, не треба да се регулираат со меѓусебна спогодба бидејќи оваа материја е регулирана со закон и колективни договори.

Понатаму, мислам дека членовите 16, 17 и 18 се сувишни и само непотребно го оптоваруваат текстот на Законот. Како што кажав на почетокот главата IV и V кои го регулираат надоместокот за употреба на градежно земјиште и уредувањето на градежното земјиште, кои по бројот на членови опфаќаат околу 30% од законските одредби, треба целосно да отпаднат од структурата на овој закон и оваа проблематика треба да се регулира со закон за градежно земјиште,затоа што се гледа и од членот 64 од преодните и завршните одредби на овој нацрт закон, режимот на градежното земјиште со прифаќање на едно вакво решение се распарчува и се регулира во три закони.

Ценам дека градежното земјиште заслужува целосен и посебен третман во нашиот правен систем, ако за ништо друго тогаш затоа што уредувањето и хуманизацијата на просторот се една од темелните вредности утврдени со Уставот на Република Македонија.

Се надевам дека со изнесениве забелешки на Нацрт законот за комунални дејности ќе дадам скромен придонес во регулирањето на односите во сферата на комуналните дејности и предлагачот, Владата

на Република Македонија ќе ги има предвид при утврдување на текстот на Предлог законот за комуналните дејности.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, пратеници, добро е што при утврдувањето на дневниот ред на оваа седница прифативме овој закон да биде во фаза на Нацрт на закон, а не Предлог на закон, со што се создаваат можности за поголемо наше учество во конечното формулирање на текстот на овој закон.

Мислам дека за содржината на Законот можеме да кажеме дека има направено еден позитивен исчекор во однос на претходната регулатива од оваа област, но сепак, стои констатацијата и сознанието дека со својата содржина доаѓа во колизија со одредени други позитивни закони, како и регулира материја која е регулирана со одредени други закони. Мислам дека тоа треба да се надмине, што беше присутно во дискусијата на одделни мои колеги. Конкретно тоа се однесува за регулирање на материјата за уредувањето на градежното земјиште и надоместокот за градежното земјиште кое е предмет на законот за градежно земјиште. Понатаму, за надоместокот на градежно земјиште за плаќањето за приход кое е предмет на содржината на законот за урбанистичко и просторно планирање. Понатаму со Законот за јавните претпријатија има потреба од одредена усогласеност со овој закон како и потреба од усогласеност со Законот за локалната самоуправа во поглед на предвидување на поголема надлежност односно самостојност на единиците на локалната самоуправа во однос на комуналните дејности, бидејќи ќе потврдам уште еднаш оваа изворна надлежност е единствено

на локалната самоуправа. Од овде произлегува потребата одредбите од Законот што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште и надоместокот за уредување на градежното земјиште односно конкретно глава IV и V, треба да отпаднат од овој закон и мислам дека и претставниците на Владата рекоа дека го има сублимирано односно на некој начин прифатливо е тоа мислење на некој начин дека ова треба да биде посебно уредено со Законот за градежно земјиште за да не доаѓа една иста материја да биде регулирана со два или три закони.

Понатаму, во поглед на надоместокот за уредување на градежно земјиште мислам дека треба истиот да остане како приход на единицата на локалната самоуправа, како што е регулирано во став 5,на член 2 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање. Не за друго туку земјиштето е сигурно имовина на државата, туку во смисла на создавање поголеми финансиски можности за разрешување на комуналните проблеми на ниво на општина. Тоа го велам од тој аспект, така и Законот за просторно и урбанистичко планирање при донесувањето тоа го имавме предвид и мислам дека тогаш Владата правилно постапи што прифати овој извор на приходи да биде приход на единицата на локалната самоуправа, односно во конкретниот случај на јавното претпријатие.

Понатаму, мислам дека во член 7 треба да се биде полиберален и да се даде можност на јавните претпријатија да можат согласно со основачот да вршат одредена и друга дополнителна дејност, бидејќи тие и така со тоа се бават. Еве, конкретно Кочани има рекреативен центар, кој сега Јавното комунално претпријатие се бави со стопанисување. Тоа се објекти изградени од местен самопридонес и доколку ја нема и таа дополнителна дејност а и сигурно во согласност со одновачот, тогаш и статусот на ова богатство на тие граѓани мислам дека ќе биде оставено така да нема некој што ќе има обврска или да има некој друг носител на

сопственост или било што. Подобро е тоа да биде како јавно добро и во јавна употреба и јавните претпријатија на комунални дејности да стопанисуваат со тие објекти.

Понатаму, мислам дека членот 19 така како што е регулиран има потреба од одредено негово видо изменување, бидејќи регулира материја која и со Законот за јавните претпријатија стои и вака со 20 реда можеби е доста и конфузен, дури и непотребен во целата своја содржина и може само да претставува товар на еден квалитативен приод на законско уредување на оваа материја.

Понатаму, би сакал да кажам дека во членот 16 каде што се зборува за регионалните водоснабдителни системи, бидејќи Кочани и Виница беа во регионалниот водоснабдителен систем Злетовска река сега после установувањето дека Злетовска река водоснабдителниот систем со својата издашност не нуди гаранција дека можат и овие две општини, населението од овие општини да бидат квалитетно снабдувани со вода. Напуштен е овој приод и Кочани и Виница се оставени да се водоснабдуваат со системот од Оризарска река.

Во Законот стои дека за две или повеќе општини може да се предвидат регионални водоснабдителни системи и мислам дека овој систем од Оризарска река со овие две општини и дополнителните пет нови општини што се направија може да влезе во член 16 и на некој начин сигурно ќе има и поголема можност за реализација на овој систем и сигурно поквалитетно водоснабдување на населението од овој дел.

Во членот 2 8 е предвидено таму одредени мерни единици за плаќање на комунални услуги, тоа е новина, јас не знам како ќе се прави но за прв пат светот да има комунална услуга и засадување со зекленило, дури мерна единица таму за одржување и подигање на зеленило. Јас мислам дека тоа може да се уреди и со одредени други услуги и со уредувањето да бидат уредени средствата потребни за

подигање и одржување на зеленила, а не и граѓаните со ова да бидат оптоварени, со плаќање на надоместок за одржување и подигање на зеленило.

Еве со овие, реков забелешки, предлози, сугестии, кои сметам дека Владата и надлежното министерство ќе ги има предвид можеме да зборуваме за една многу поквалитетна содржина на Законот од областа на комуналните дејности, кои заедно со овие одлуки и други акти што ќе бидат донесени на ниво на општини, би можеле да создадат простор за едно поквалитетно регулирање. Само тие се здобија со комуналните дејности и поквалитетно функционирање на овие дејности, се со цел за поквалитетно задоволување на потребите на граѓаните во единиците на локалната самоуправа, од овие дејности.

IV/1 -ДВ/МЛ

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Се согласувам со одделни дискусии дека ние денес расправаме за една многу важна работа, за еден Предлог на закон кој ќе направи многу брз пресврт, воопшто во Република Македонија заради тоа што се гледа дека е компатибилен на западниот систем. Го оставаме она старото, да речеме, тоа го кажувам само како пример, направивме минатата година 135 куќи, платиивме 35 илјади ДМ за комунално уредување, парите се собраа, отидоа на едно место и кај се потрошија не знаеме. Со овој закон сега нема да не знаеме каде се потрошени парите, туку ќе знаеме точно каде се тие потрошени, колкав дел од средствата ќе припадне на општината каде што се живее, а колкав дел ќе оди за заеднички потреби, за Градот Скопје.

Мислам дека законот за комунална самоуправа што после тоа уследи и новата територијална поделба на РМ, тоа значеше и донесувањето на овој закон значи, при услови кога ќе дојдеме до поголемо јакнење на материјалната основа на РМ, ќе значи сигурно јакнење на овие мали општини, а тоа значи јакнење во целост на државата, затоа што ниедна држава воопшто во светот нема корист ако само од центарот или не знам само кои општини се развиени а другите остануваат така, како што ние денес слушаме, без струја, без вода и тн. Денес е џабе да разговараме за тоа дали тоа и тоа село има вода, е електрифицирано и тн. Ние имаме право да разговараме после една работа која треба многу брзо да дојде овде на Собранието јас овде би ја спомнал.

Ние имаме Агенција за потпомагање на неразвиените општини или краишта. Ако не работи Агенцијата на нешто ново, јас би предложил таа Агенција да почне и да направи едни нови споредби меѓу 123-те општини во РМ од аспект на развиениот и неразвиеност и дури тогаш да знаеме

каде повеќе треба да се даде а каде помалку. Мислам дека тоа е долг на овој Парламент, на оваа држава, на оваа Влада тоа да го стори. Тогаш ќе можеме да дискутираме за многу работи што не ни достигаат воопшто во животот.

Јас овде имам забележано некои работи кои можеби се кажани а можеби и на мене не ми се јасни, но ќе кажам заради тоа што имаме претставници од Владата, па тие ќе си забележат за да нема после амандмани.

Се разбира,  нема веќе давање на земјиште за градба на одредени, да речам фабрики, односно куќи, станови и тн., ако тоа земјиште не е уредено. Тоа е регулирано со овој закон и тоа е многу добра работа.

Во точката 6 - Јавен градски и приградски превоз, под што се подразбира превоз на патници, на линии во градови и други населени места, осем превозот со железници.

Дали овде се мисли и на такси превозот. Ако се мисли на такси превозот, тогаш мислам треба да се додаде посебно за такси превозот, бидејќи они вршат услуга на народот, да речеме од болница земаат болен човек и го носат до станот, па ако треба и на бабата ќе и помогнат да се качи до станот, а не да дојде нашиот полицаец со пајакот и да му ја дигне колата. Ова треба да се набележи. Ова мора нашата извршна власт да го знае.

Во точка 11 се вели: - Одржување на улици, улична и сообраќајна сигнализација и тн. Одржување и изградба на улици. Иако во понатамошниот текст стои за изградба, но мислам и тука, во точка 11 треба да стои "Одржување и изградба на улици".

Во точката 12 се зборува за одржување на гробишта, крематориуми и тн. и давање на погребални услуги, под што се подразбира одржување на гробовите, зградите и тн.

IV/3.-

Јас морам овде пред вас да кажам дека, да речеме во Градот Скопје има само едни гробишта. Еден дел се православни, друг муслимански и трет муслимани - роми. Таму каде што се муслиманите не се одржуваат гробиштата. Навистина нема смисла. Тоа е еден вид дискриминација и спрема нив и спрема нас живите кои одиме таму да ги посетиме. Ве молам да стои такво нешто, без разлика на верската и националната припадност, одржување на гробиштата.

Во точка 13 -"Одржување на јавно осветлување",под што се подразбира одржување на уличното осветлување во исправна состојба.

Би рекол, во моментов треба да се направи еден напор, иако од 1.07. знаеме дека ќе почнат да работат нашите локални општини, да се направи еден напор, да речеме од кај железничкиот мост, односно пругата на северниот дел на Скопје па до "Жито Лукс". Таму луѓето плачат, се плашат да се движат. Дајте да се стават улични осветлувања. Не е тоа не знам кој трошок, тоа се три-четири сијалици кои треба да се стават.

Во точка 18 стои: "Уредување на градежно земјиште". Се знае што е тоа. Вели само на основна и секундарна инфраструктура и тоа пред распишување на конкурсот за доделување на локации. Тоа е јасна работа. Вака, ќе распишеме конкурс, па ќе уредиме. Дајте ни пари. Држава сме. Мора да најдеме начин и средства да го уредиме земјиштето па да распишеме конкурс за локации. Кој сака да купи, нека купи, ќе плати.

Инаку со овие други работи што се набележани во законот, се согласувам, со извесни мали недоразбирања кои може да произлезат од нејаснотиите, бидејќи ги има такви нејаснотии. Погледајте добро, затоа што тие што треба да го оживотворат овој закон, може вака, може и онака да го употребат и пак да бидат исправни и да дојде до куршлус

IV/4.-

меѓу граѓаните и тие што се таму во општините, како на пример во членот 19, не би сакал да кажам што да не би навредил некого.

Добро е што законот предвидува во член 23, за концесија, според член 12 во приватна сопственост и тоа не е лошо. Мислам дека така побрзо ќе се развива дејноста.

Еве јас водев сметка многу при проучувањето на Глава V. Уредување на градежно земјиште, од членот 33 па натаму сите тие работи што се набележани овде и ве молам водете сметка да не остане ниедно село без електрична енергија, без вода, бидејќи живееме во оваа доба во која викаме дека сме но сето зависи сигурно од материјалната основа. Како ќе се развива Република Македонија, така ќе се развиваат и овие комунални дејности.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Ја давам безрезервната поддршка за усвојување, во што верувам дека ќе следуваат и извештаите од Комисијата за градежништво и урбанизам како и ЗПК, по однос на Нацрт-законот за комунални дејности.

Инсистирам, бидејќи сега се расправа како Нацрт-закон, во смисла на усвојувањето на Нацрт, она што е како извештај со заземените заклучоци во овој извештај, фактички во суштина ја погодуваат целта заради која што и овој законски пропис во фазите на донесување од Предлог на закон се одлучи, по предлог на овие две комисии да се разгледува во Нацрт, а кои се состојат во следното:

Првата констатација за тоа, одредбите односно главите од законот што се однесуваат на употребата и на доделувањето на градежното земјиште, односно неговото уредување да не бидат предмет на ре-гулираност на овој закон, туку да бидат предмет на регулираност на

законите што инаку се предлагаше со овој текст на Предлог, односно Нацрт на закон да бидат укинати, а тоа е законот за просторно и урбанистичко планирање и законот за градежно земјиште. Значи, главите V и VI, бидејќи не беа ни во предлогот за донесување на овој закон, да бидат укинати и нивната местоположба, содржински, како одредби да биде поместена во законот за градежно земјиште.

Јас ја користам приликата во оваа смисла, бидејќи се насочува овие измени што сега фигурираат во овој закон, а предлог е и од овие две комисии, Комисијата за градежништво и урбанизам и ЗПК и на неколку претходни дискутанти, во таа прилика, она што е сега решение за надоместокот за градежно земјиште кое се наплаќа при доделувањето на градежното земјиште, да се наплаќа на републичка сметка во Министерството за урбанизам. Тоа сега при оваа измена на овие две глави, на постојниот закон за градежно земјиште, да се искористи за неспорноста на тоа дека надоместокот од доделувањето на градежното земјиште е приход на општината, како што стои во постојниот закон за просторно и урбанистичко планирање, да не се уплаќа и централизира со фонд во буџетските средства, преку Министерството за урбанизам, туку директно како неспорен, по Уставот и Законот за локална самоуправа, приход на општината, да се уплаќа при доделувањето на градежно земјиште, на сметка на локалните самоуправи.

Понатаму, исто така, коментирајќи со извештајот на Комисијата за градежништво и урбанизам и ЗПК, делот на регулирањето на условите и начинот на вршењето на комуналните дејности наброени таксативно во членот 6 од сега Нацртот на законот. Сметам дека ова е тој закон, така да кажам, основен, генерален закон за комунални дејности кој треба да ги регулира условите и начинот на вршење на комуналните дејности. Апсолутно е неприфатливо сегашното решение во Нацрт - законот во кој што единствено за некои споредни комунални дејности, за кучиња

скитници, за прекршоци од паркинзи, пајак службите и слично, да се дозволува самостојна регулатива на локалните самоуправи. Се друго повторно да се повикува дека ќе биде регулирано начинот и условите на вршење на комунални дејности, со друг закон. Мислам дека тоа е констатација и на ЗПК и од законодавен аспект дека тоа е извор на оригинерна, самостојна надлежност и овластување на локалните самоуправи да ги регулираат со свои акти и прописи начинот и условите на регулирање на сите дејности кои се наброени во членот 6 од Нацрт - законот.

Да не прејудицирам, но, ако ваквото решение остане мислам со тоа се исполнуваат и условите да се бара заштита на локалната самоуправа од ограничување на нејзините уставни и законски овластувања со еден ваков член, директно навлегувајќи во рамките на надлежностите што по Уставот се за регулирање и донесување на прописи и акти на локалните самоуправи. Замислете, како може со закон да се регулира уредувањето на јавната чистота, или уредувањето на водоснабдувањето со санитарна вода за пиење, ако не со специфични акти на локалните самоуправи во општините.

Понатаму, сметам дека за неодминливо коментирање и обавезно, без резерва да се прифати од предлагачот, како и мнозинско мислење и заклучување на Парламентот при разгледување на Нацрт-законот е решението: постројките, инсталациите, уредите и другата комунална инфраструктура да се сопственост и имот на РМ. Мислам дека тоа би претставувало еден вид национализација на општинскиот имот со еден акт, односно со овој закон што е недозволено. Тоа се средства и имот создавани од граѓаните на локалните самоуправи. Многу од нив и со средства од самопридонесот. Но, со ваков начин не само што ќе се јават многу отворени прашања, но мислам дека и воопшто нема законска

основа да се национализираат овие средства кои се, неспорно, имот на општината. Тоа се сите комунални постројки и градежни објекти во кои се вршат комуналните функции и тн.

Во делот на финансирањето на сегашниот проблем на финансирање на заедничката комунална потрошувачка, овде има едно решение, покрај делот на буџетски средства и други донации и извори на средства да си зафаќа и од цената на комуналните услуги. Сметам дека е нецелисходно и нема аргументи за оправданост, од цена на непосредни комунални услуги да се финансира општа или заедничка комунална потрошувачка. Тоа се таканаречените комунални дејности кои не создаваат доход како што се Паркови и зеленило, Јавна чистота и тн.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Исто така се согласувам со ставот на ЗКП затоа што дава на упатување да во набројувањето и опфатот на комуналните дејности се размислува да производството и испораката на електрична енергија ПТТ услугите и производството и испораката на гас да бидат, неспорно комунални дејности.

Во делот на утврдувањето со закон на регионалните водоводи и други комунални објекти упатувам една забелешка дека водоводот Лукар кои опфаќа сега 3 општини, Конопиште, Кавадарци и Росоман е најверојатно испуштен, како што стои тука во заклучокот да се преиспита таа одредба.

Исто така треба да се прифати и решението таму каде што ќе има заеднички комунални претпријатија на неколку општини, органите на управувањето и раководењето се регулираат со спогодба, мислам дека тоа исто така е неспорно законска регулатива.

И на крајот, она што е најбитно. Тоа е врзано со првичната констатација за глава IV и V да не биде предмет на регулирање на овој закон, туку да биде во Законот за градежно земјиште. Врзана е и одредбата во член 48 која исто така е неуставна и незаконска, како може приходите од доделување на градежно земјиште да бидат приходи на РМ. Тогаш ккао ќе се решаваат и уредувањата на градежно земјиште, и решавањето на претходните прашања кои се во функција на уредување на градежното земјиште и на самата општа или заедничка комунална изградба и развој. што значи, овој член треба да се брише и да остане постојното решение дека се тоа неспорно извори, врз основа на Уставот приход на општините со што ќе го повторам предлогот за нивното централизирање кое ќе се врши преку Министерството за урбанизам, да

се измени постојниот закон за просторно и урбанистичко планирање и соодветната измена на законот за градежното земјиште, тоа да биде директен приход на општините.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Излегов на говорница да изнесам некои мои мислења по однос на прашањето како што е сега поставено нацрт закон за комунални дејности. Уште на почетокот да кажам дека дадени беа доста сугестии и мислам дека сите тие доста ќе придонесат за донесуваше на еден подобар закон кој што ќе овозможи функционирање на комуналните дејности на посовремен начин.

Водата, сметот и патиштата, локалните патишта се проблеми на општините, не само на тие општини, кои што ги формиравме со новиот закон за териториjалната поделба, туку и кај сите општини. Токму од тука мислам дека на овие 3 прашања Законот за комунални дејности треба да посвети посебно внимание всушност да предложи решенија кои ќе бидат адекватни и прифатливи со цел да се надминат потешкотиите со кои се соочуваат граѓаните по општините.

Ќе изнесам некои мои забелешки по однос на понуденото решение и понудените решенија во Нацртот на законот. Беа изнесени доста забелешки по однос на тоа дали објектите кои што служат за задоволување на комуналните потреби треба да бидат објекти на републиката односно општината.

Мислам дека определбата која што е дадена во предложеното решение тука во законот, неодржлива, тоа го кажаа и поголем број на пратеници, јас мислам дека таа е спротивна на она што е закон за локална самоуправа, како и закон за територијална поделба. Мислам декс тие работи треба да се исправат и да на дојде до колизија, да не дојде до тоа евентуално донесениот закон во подоцнежна фаза да уследи да биде предмет на расправа пред Уставниот суд. Мислам дека овде не се во прашање прашања кои се партиски поврзани туку се прашања од интерес за граѓаните и мислам дека така треба да бидат решени.

Членот 11 ги дели објектите на комуналната инфраструктура според намената на објекти за задоволување на индивидуалната и заедничката потрошувачка. Кога станува збор за ова јас мислам дека ваква строга поделба не е одржлива и не може да се направи. Овде станува збор за објекти и ги набројува објектите на пример објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка се објектите меѓу кои и да речам јавниот градски и приградски превоз. По мене тоа не е за индивидуална комунална инфраструктура. Тоа е предмет на еден разговор, предмет на мислења, меѓутоа мислам дека не е заради тоа мислам дека не е одржливо да стои ваква строга поделба на овие објекти. Може да се каже дека тие се објекти на комуналната инфраструктура и понатаму дали се тоа за индивидуална или не постои строга граница. Нека не биде дадено решението што ќе ги ограничи бидејќи мислам дека не нуди нешто ново во понатамошното реализирање на законот.

Повеќе колеги кажаа, а јас ќе кажам дека со членот 15 Владата на РМ основа јавни претпријатија за регионални инфраструктурни области.

Тука вели, меѓу другото, дека еве да кажам за подрачјето на Дебар, каков објект е водоснабдителниот систем Росок и Дебар со крајниот центар Жупа. Меѓутоа, ова повторно доаѓа во колизија со член ми се чини со член 40 односно 60 и со член 62. Ваму вели дека регионалниот водовод Росоки со центар Жупа е објект од јавен интерес за регионот и согласно на предложеното решение такво претпријатие формира Владата, од друга страна со тој водоснабдителен објект досега и сега управува комуналното претпријатие од Дебар, кое сега условно да кажам делува во 3 општини. Ова што е тука речено или едното и ли другото треба да се брише. Не може да биде и едното и другото.

Член 24 ја регулира проблематиката, доколку не се основаат јавни претпријатија според членовите 13, 14 и 15 и вели дека во тој случај вршењето на комуналните дејности може да се остварува со давање дозвола на физички и правни лица до страна на општината, градот Скопје и Владата на РМ, освен за вршење на дејноста точка 8 од член 6 на овој закон. Мислам дека не треба да се исклучува точката 8 бидејќи тогаш што ќе правиме, а точката 8 вели дека е депонирање на индустриски отпад и штетни материи, под што се подразбира, собирање, транспортирање, обработка и депонирање на отпадот во одредени депонии како и одржување на депониите. Зошто тоа да биде исклучено. Ние тоа треба да го регулираме правно. Јас мислам дека тоа треба да се регулира. Ако не сака општината да го регулира, зашто граѓаните да трпат. Можеби треба да се каже дека ова прашање ќе се регулира со посебен закон.

Член 26 односно од член 2 5 па натаму третото поглавје, средства за вршење на комунални дејности, член 26 зборува дека висината на цената и начинот на плаќање на услугите ја определува управниот одбор

на јавното претпријатие со претходна согласност на основачите. Јас мислам дека и оваа одредба треба да претрпи промена од аспект на тоа што цените на комуналните услуги подлежат на контрола. Ако ја исклучиме таа можност да нема контрола на тие цени тогаш да им го дадеме правото на овие да можат да ги одржуваат. Меѓутоа, да имаме контрола. Тогаш ова е во колизија со она што е во практиката.

Член 31 зборува за надоместок од член 29, а тоа е надоместок за употреба аз градежно земјиште. Јас за ова нема да зборувам, ги поддржувам предлозите што беа изнесени од страна на надлежната комисија и од страна на поголем број пратеници и мислам дека овој закон треба да биде во два дела, фактички уредувањето на градежното земјиште треба да биде исклучено од овој закон. И не би сакал понатаму по однос на ова прашање да зборувам, освен да додадам нешто на крајот во однос на надзорот.

Мислам дека е крајно време тоа што е овде предложено решение да го спроведеме во практика затоа што со Одлуката што ова Собрание ја донесе уште на 8 јануари 1991 година мислам дека беше направена еден голема грешка токму на овој закон, односно на одржувањето на јавната хигиена во општините, затоа што не можеше да профункционира комуналниот инспектор. Формално земаше плата, но не направи никаква работа. Тие, сиромаси, работеа, меѓутоа тој ги слушаше. Немаа сила. Јас и овде го поставив тоа прашање, на Собрание зошто не се спроведу-ваат одлуките на општините иако со Одлуката донесена на ова Собрание беше речено дека општинските одлуки ќе важат како републички, меѓутоа, тоа во практиката го немаше и не може да се казни ни едно лице за прекршок според пријавата поднесена од страна на комуналниот инспектор. И, резултат на ова е она што денеска го имаме во општините.

Не може никој на никого да му каже, ниту инспекторот ниту другите во однос на одржувањето на комуналната хигиена во врска со фрлањето на комуналниот отпад, а да не зборувам аз градежниот отпад кој што се расфрлува на секаде.

Кога сум тука мислам дека едно прашање го уредивме со еден закон, и овде треба да најде решение, се зборува, се набројува, комуналниот смет, меѓутоа мислам дека недоволно се обрнува внимание. Јас редовно патувам од Дебар до Скопје, долината на Радика е прекрасна, како што рече едновремено министерот Лепавцов во стариот мандат дека Радика е убавица, меѓутоа не можеме да се пофалиме дека Радика е убавица затоа што почнувајќи од браната Маврово насекаде смет. И тоа е смет кој што не да ни личи како држава, туку не ни личи ни како луѓе. Не водиме воопшто сметка. Водите од Радика течат надолу а со тоа носат и смет. Видете ја Радика каква е особено по поројните дождови односно со нагло зголемување на водостојот или поради топење на снег, како што е случај денеска. Катастрофа. Мислам дека не треба да дозволиме такви работи, со едно мало поголемо внимание, со депонирање на тој смет, на адекватни места, мислам дека многу можеме да допринесеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Коцевски.

Не е тука.

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови од Министерството за урбанизам.

Јас се сложувам и на некој начин сите дискутанти независно од која партија го погодуваат моето размислување околу овој закон и се што треба да кажеме тука, за да бидат земени во предвид нашите размислувања, а со тоа да направиме законот кој што е во многу важен за животот на секој поединец, на секој граѓанин во оваа држава биде поубав, поподнослив и на некој начин државата да ги реши основните проблеми од комуналните дејности. И, кога се носи еден ваков закон не може да се отргне впечатокот од тоа да сите закони кои се носат задираат во сферата на локалната самоуправа, и тоа е еден феномен. Ние носевме закони кои беа од сверата на образованието, како и од други сфери на живеењето и сите тие закони сакаа или донесовме такви одредби кои навлегуваа во ингеренциите и компетенциите на локалната самоуправа. Интересно е тоа да Владата многу сака да се меша во работите на локалната самоуправа. Место да се двојат државните работи, стратегиските работи кои треба да ги вршат министерствата, тие преку законите кои ги предлагаат навлегуваат длабоко во ингеренциите кои со Устав се дефинирани како изворни надлежности на локалната самоуправа.

Ако го погледнеме Уставот на државата од член 115 до 120 таму таксативно се наброени сите ингеренции на локалната самоуправа. И, кога ќе го погледнеме овој предлог ќе видиме дека сите односно некои од овие ингеренции сакаат да се ставаат под шепа или под капа на Владата и таа да го има последниот збор. Мислам дека тоа е збунувачки и мислам дека со тоа давам уште еден аргумент дека локалната самоуправа функционира или една фасада, градоначалниците се тие кои се експонирани пред граѓаните, кои се крајните корисници на овие услуги кои треба овој закон да допринесе што поквалитетно да бидат реализирани и останува градоначалниците да можат само да дигнат

раменици, да кажат дека тоа не е во нивната надлежност и тие не можеле да влијаат на тоа.

Мислам дека локалната самоуправа да се остави со сите свои ингеренции, да и се овозможи што повеќе да има надлежности и средства кои се прибираат по разни основи и се дава под еден таков услов локалната самоуправа да биде онаа права локална самоуправа каде што ние пратениците стално викаме таа локална самоуправа е во Европа. Тогаш и односот на градоначалникот и неговата одговорност ќе биде исправена пред граѓанинот.

Во примерот каде што ние преку јавните претпријатија, преку комуналните претпријатија пуштаме Владата да се меша и да дистрибуира средства или се меша директно во организацијата и во компетенциите на јавните претпријатија, мислам дека само се разводнува одговорноста и на едниот субјект, на градоначалникот, односно на локалната самоуправа и на државата.

Беше спомнато водоснабдувањето како еден од сегментите кои се многу важни во комуналната сфера и кои се регулираат односно дел се регулира со овој закон. Јас мислам дека снабдувањето на вода го контролира и ќе го контролира законот за води и законот за водостопанството на градот и на Републиката. И, мислам дека наше залагање и со тие законски проекти кои треба да бидат да сите населени места да речам поточно села, во Македонија, и сите села бидејќи носите посебен закон за градот Скопје, во околината на Скопје не смеат да бидат без вода и без електрика и телефон. Ние мораме да донесеме такви закони кои ќе овозможат претпоставка да во наредниот век после 2000 година не смееме како држава да дозволиме да влеземе без да обезбедиме секое населено место, секое село да има квалитетна вода за пиеше, електрика и телефон. Со тоа се верификуваме како држава која припаѓа на Европа.

VI/1.- РД/лј

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ** : (продолжение)

Само така можеме да кажеме тоа е еден од главните да кажам столбови кои докажуваат дека сме цивилизирана земја. И на крајот да кажам околу изворот Рашче. Беше спомнато само бегло, Рашче припаѓа на територија на градот Скопје, не би сакал да полемизирам дали припаѓа и дека тој е основен извор со кој Скопје се задоволува со најквалитетна вода , јас мислам во овој случај ќе се согласат со мене, за пиење без фабрикување во Европа, и ние тука треба да најдеме начин водите на Рашче да се користат само за употреба во домаќинствата. Во Скопје сега зборувам и во сите села во околината на Скопје. Техничката вода која ја користиме за миење на улиците, за полевање на паркови зелени површини и за најкривијални работи за таа вода искористиме средства од Европа која ги дава за секој проект. Ако понудиме добар проект, покрај Лепенец и Вардар да се направат такви извори каде што со посебна мрежа, а таа мрежа веќе постои се користат за ваква техничка употреба. Така само нема да го нарушиме билансот на водите во Скопје, сега зборувам, така ќе имаме здрава вода за пиење во целиот град и во околината на Скопје, и ќе имаме доволно вода за техничка употреба. За улиците, за парковите, а на крајот на краиштата и за базените.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа дозволете ми накратко во мое име, а не како известител на Комисијата, да ги изнесам своите забелешки по овој законски проект.

Прво, мојот личен впечаток е дека во Собраниска процедура и досега не влегол закон во форма на предлог на закон послаб и по контрадикторот од законот за комунални дејности и мислам дека е многу умно од Владата и од ресорното министерство што самокритички го осозна тоа после ставовите на Законодавно - правната комисија и Комисијата за урбанизам и градежништво од Собранието и што го повлече и предложи, односно прифати да биде во фаза на нацрт на закон, а не во фаза на предлог на закон.

VI/2.-

Прво мислам дека овој предложен законски проект е контрадикторен сам со себе. Овие мои забелешки ќе ги образложам во неколку тези. Членот 1 е во потполна спротивност со членот 8 од предложениот закон. Доколку се работеше за предлог за донесување на закон или за нацрт на закон мислам дека би можело да се премине преку тоа. Меѓутоа, ако вие во еден од членот на законот велите дека со овој закон се утврдуваат условите и начинот на вршењето на комуналните дејности и начинот на употребата на градежно земјиште, а во член 8 повторно велите дека условите и начинот на вршењето на комуналните дејности се уредуваат со посебен закон, мислам дека е голем пропуст и велам повторно многу е умно што овој закон го гледаме во фаза на нацрт при што ресорното министерство и Владата ќе имаат можност да направат уште една верзија на овој закон, користејќи ги сугестиите искажани во Собраниските комисии и на денешната парламентарна расправа, се разбира забелешките кои беа доставени од страна на пратениците. Исто така е контрадикторен сам со себе, затоа што одредувајќи ги комуналните дејности во смисла на овој закон во член 6, истата логика не ја следи во членот 11. На пример во членот 11 зборува дека објекти од комуналната структура се со испорака на гас итн., а во комуналните дејности испораката на гас воопшто не ја смета за комунална дејност и во тој смисол во потполност се согласувам со дискусијата на г-динот Вревезоски, кој што многу подобро и многу поопширно ја елаборираше оваа материја.

Второ мислам дека е контрадикторен и навлегува во ингеренциите на локалната самоуправа кои се сосема во спротивност со одредбите од законот за локална самоуправа и тука ништо не би не бунело доколку законот за локална самоуправа е некој застарен закон пред повеќе години или преземен од поранешна Југославија. Проблемот е во тоа што Законот за локална самоуправа го донесовме во декември или октомври од 1995 година,и тоа што сега го предлага Владата со овој закон, мислам дека навлегува и е во спротивност со основните принципи на локалната самоуправа и надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

VI/3.-

Тоа го темелам со следново. Според одредбите на членот 4 од Законот за локална самоуправа, цитирам е утврдено следното на единиците на локалната самоуправа вршењето на работите од став 1 на овој член не може да им се ограничи со акти на органите на Република Македонија, освен во случаите и под услови утврдени со закон во однос на законитоста на нивната работа, односно во согласност со Уставот. Со одредбите на овој член е вграден принципот на потполна самостојност на единците на локалната самоуправа, како една од основните обележја на локалната самоуправа. Меѓутоа, во членот 17 од законот за локалната самоуправа, исто така таксативно се наброени изворните надлежности на единиците на локалната самоуправа. Ваквиот начин на утврдување на надлежностиве на единците на локалната самоуправа несомнено претставуваат битна претпоставка за разграничување на единиците на локалната самоуправа, односно надлежностите на Републиката. Овој основен минимум на изворни надлежности утврдени со закон на најдобар начин ја изразуваат самостојноста на локалната самоуправа и е неопходен услов за нејзино постоеше и функционирање. Меѓутоа, проблемите настануваат, бидејќи во предложениот закон за комунални дејности, а во врска со членот 17 точката 8 и 9 од Законот за локална самоуправа кои се однесуваат на снабдувањето со вода за пиеше и од одводнување на отпадните и атмосферските води и работите сврзани со јавното чистење, на локалната самоуправа и се ограничуваат надлежностите.

Со членот 8 и 9 од предложениот закон за комунални дејност! може да се види колку предлагачот на законот ја ограничува улогата на локалната самоуправа, а и дава единствена можност да ги уреди условите и начинот за вршење на комуналните дејности, со донесување на одлука за комунален ред во областа на отстранување и чување. на непрописно паркирани возила, ерадикација на животни скитници, украсување на населени места, одржување на јавни санитарни јазли, аеро-запрашување, дезинфекција,дератизација и сл.Тоа член 6 точка 19.

VI/4.-

Меѓутоа, во законот за локална самоуправа во членот 17, на пример точката 8 вели единицата на локалната самоуправа, самостојно ги вршат следните конкретни работи. Тука се наброени во точка 8 го уредуваат и организираат снабдувањето со вода за пиење и одводнувањето на отпадни и атмосферските води во согласност со законот. Во членот 9 ги уредуваат и организираат работите сврзани со јавната чистота во согласност со закон. Одредбите што се претходно кажани во законот за комунални дејности директно навлегуваат во основните надлежности на единците на локалната самоуправа.

Третата теза или третата нелогичност, исто така навлегувањето во надлежностите на градот Скопје, кој според Уставот на Република Македонија, претставува посебна, да го цитирам законот, единица на локалната самоуправа во која граѓаните во подрачјето на градот Скопје ги остваруваат заедничките потреби и интереси што произлегуваат од карактерот на градот Скопје, како главен град на Република Македонија и како единствена просторна урбанистичка економска, политичка, и еколошка целина. Тоа е Член 2 од Законот за градот Скопје. Исто така во членот 6 од истиот закон Глава."11 кај што се вели кои се надлежностите на градот Скопје, се вели дека градот Скопје, самостојно ги врши следните работи од значење на градот. Посебно во точка 9 каде што се вели дека организира снабдување со вода за пиење од изворот Рашче и од бунарите Нерези и Бардовци во целата должина на основната и секундарната водоводна мрежа и одводнувањето на отпадните атмосферски води во согласност со законот. Во точка 9 ги уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавната чистота и депонирањето на сметот во депонијата Дризла и другите депонии од значење на градот, во согласност со законот.

Значи, и покрај постоењето на законот за градот Скопје, кој е донесен во септември 1996 година, каде што таксативно се наброени овие работи, предлагачот на законот си зема за право градот Скопје, да го третира како некој си регион и од надлежностите на Градот Скопје да

го週 земеме системот за снабдување со вода, односно тука може би има некои аргументи кои треба да се размисли, затоа што заштитната зона на водозафатот Рашче опфаќа, јас како што знам 20 општини во Република Македонија. Меѓутоа, тука пак се поставува друго прашање. Зарем сето тоа надлежното министерство и Владата не требаше да го имаат предвид кога на Собранието му го предлагаше законот за локална самоуправа. Зош1: за толку краток период Вадата произлегува со сосем контрадикторни предлози. Тоа го наметнува прашањето подоцна ќе дојдам и на проблемот на уредувањето на градежното земјиште дека Владата нема јасна концепции и јасна визија, долгорочна, стратешка, како треба да се постават работ] во овие стратешки области за Република Македонија, затоа што ако вие сега предлагате еден закон со кој бришете дел од одредбите од законот за просторно и урбанистичко планирање, кој исто така е донесен минатата година, ако предлагате одредби со кои ги фрлате во аут некои одредби од законот за локална самоуправа и од законот за градот Скопје, не знам кој друг впечаток ќе ви се наметне, освен не поседувањето на доволно визии и стратегија како тоа треба навистина да се регулира со законска материја. Тоа значи дека утре може би ќе предложи Владата некој друг закон со кои ќе бидат елиминирани некои одредени одредби од овој закон.

Четвртата теза или став се однесува во врска со одредбите кои се однесуваат за областа на уредување и употреба на градежно земјиште. Прво тука ми е потполно нејасен концептот на Владата, затоа што мојот став е од поодамна дека оваа проблематика треба да се реши со еден единствен закон за градежно земјиште кој би преставувал една целина и би ја третирал комплексно и конкретно целокупната материја за уредувањето и употребата на градежното земјиште. Ние сега се доведуваме во ситуација некои работи да ги регулираме со законот за просторно и урбанистичко планирање. Сега во две поглавја со овој закон, а престануваат да важат некои одредби од законот за просторно и урба-

нистичко планирање кои се однесуваат за употребата и уредувањето на градежното земјиште, а утре не очекува донесување на законот за градежно земјиште и веројатно кога ќе биде донесен се вели дека треба комплетно овие две глави од овој закон, како и сето она што е од законот за оваа проблематика кажано за просторноно и урбанистичко планирање да се брише, односно да не биде во сила и во важност. Мислам дека законот за градежно земјиште е многу важен закон кој треба да придонесе за привлекување на странски инвестиции во Република Македонија и не ми е јасно зошто Вадата сеуште доцни со предлагањето на овој закон. И последната работа што сакав да ја кажам сврзано со употребата и донесувањето на градежното земјиште, исто така мислам дека е нелогично што Вадата повторно го суспендира законот за локална самоуправа и законот за градот Скопје, во врска со тоа каде одат приходите по однос на уредување на градежно земјиште, затоа што таму е кажано дека се тоа изворни приходи на локалната самоуправа, односно на градот Скопје кои се делат со 60 наспроти 4 0 со општините во Скопје, а со овој закон тоа се предлага да биде приход на буџетот на Република Македонија. Тоа е едната работа и втората работа што им се одзема изворното право на единиците на локалната самоуправа сами да ги утврдуваат висините, постапката, и критериумите за утврдување на цената за уредување на градежно земјиште кое заради некакво унифицирање сега му се дава како дискрециона надлежност на министерот за урбанизам и градежништво. Значи да резимирам, неспорна е потребата да се донесе овој закон кој треба да се донесе што побрзо, јас ќе гласам за прифаќање на законот, како Нацрт на закон и уште еднаш велам ако Владата прифати да биде во ваза на нацрт, затоа што мислам дека толку многу забелешки имаше, што ќе направивме голема штета доколку него го гледавме денеска како предлог на закон, затоа што верувајте ми некои работи можат да се променат со амандмани, меѓутоа има работи кои ако се промашени во стартот и не можат да се дотеруваат со амандмани, се

надевам дека следната верзија на законот, одразувајќи ја расправата во парламентот ќе биде многу подобра и на задоволство ќе го донесеме овој закон.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Мојата дискусија за која се пријавив сакав да ја почнам со членот 17, токму од законот за локална самоуправа, што претходниот колега, односно дискутант најмногу го експлоатираше. Но, со сосема спротивно гледање на работите, од причина што читајќи го членот 17 од Законот за локална самоуправа, и надлежностите што ги дава на локалната самоуправа од точка 4 до точка 32, јасно укажуваат и завршуваат со зборовите со закон. Сите тие материи и надлежности се регулираат со закон. И токму така го сфатив предлогот, односно нацртот на овој закон кој е во таа функција сметам дека ќе им овозможи и ќе им ги одврзе рацете на сегашните градоначалници едноставно оние проблеми што ги имаат во областа на комуналните дејности,м ги има безброј тргнувајќи од оваа сала, па стигнувајќи до мое Кичево ќе сретнеме полно домени и токму и тука беа критиките изнесени за доцнењето на овој закон од страна на одредени припадници на одредени политички партии. Ќе тргнам со ред. Прво од организацијата и начинот на вршење на комуналните дејности. Сметам дека одредбата за даваше можност за концесија е позитивна, од причина што ако ние не знаеме или не можеме, тогаш ќе му дадеме на некој тоа да го стори, со концесија и да го водиме и да се научиме како тоа се регулира надвор од границите на оваа наша држава. А такви прилики сме имале, сме биле, сме прошетале и сме виделе какво е тоа и им завидуваме како е тоа ја одржуваат и чистотата и средината итн. Ова го сметам како позитивно.

Во член 15, за регионално поврзување сметам дека во Македонија со 24 депонии, со 124 локални единици се премногу за една држава со

пречник од 250 км. Регионализацијата од 5 до 10 депонии кај што ќе се одложува сметот кој ќе бидат регулирани по сите прописи и теркови што ги бара запад, обработка на тие отпадни ѓубрива, ќе биде поекономично по функционално, и како идеја тоа можам да го кажам би имало одложени станици во одредени места. Понатаму, сакам да кажам за членот 26 беше спомнато од еден пратеник, кој го регулира делот на средствата за вршење на комунални дејности одредувањето на висината на цената. Тука се спомнува дека тоа може да го стори управниот одбор со претходна согласност на основачот, за да во наредната глава вели општината го уредува надоместокот за уредување на градежното земјиште. Сметам дека можно е да дојде до колизија, односно до недојаснотити кои фактички ќе ја одреди висината на цената на комуналната такса или услуга.

Во членот 30 се наведени, тоа е надоместокот за уредување на градежно земјиште, се спомнуваат сите оние установи и институции кои се ослободени. Сметам дека е потребно, односно непотребно испуштено е здравството. Гледајќи ги овие институции, дека се тоа од обласста на меѓународни институции, народна одбрана, градинки, социјални установи итн., сметам дека и здравствените установи треба да бидат ослободени од таксата за надоместок за употреба за градежно земјиште, тоа е едната работа и втората работа е во една од алините се спомнува спортски терени, простори за рекреација, не се спомнуваат спортските сали. Штом веќе во оваа алинеја 7 каде се спомнуваат спортските терени, простори за рекреација зелени површини кеови, итн, и спортските сали треба да бидат ослободени од надоместокот за употреба на градежно земјиште.

**ВАНЕ НАУМОСКИ :** (продолжение)

Членот 31 кој кај мене предизвика најголема дилема. Во него исто така е регулиран надоместокот и каде се вели: надоместокот го плаќаат сопствениците на населби со уредено градежно земјиште. И сега, се поставува што е населба за со основна уредена комунална инфраструктура, пристапен пат, електрична струја и водовод. Читајќи го членот 33 каде што се наведени основни објекти на комунална инфраструктура, па таму се наведени многу. Јас сметам дека покрај овие три работи: пристапен пат електрична, струја, водовод ПТТ мрежата и канализацијата се основни работи кои треба да бидат уредени. Јас како сопственик си земам обврски да платам надоместок за уредување на градежно земјиште. Во основа тоа беа моите гледања.

Сега сакам да се осврнам на една работа со еден колега на почетокот на дискусијата по овој закон го кажа, тоа беше колегата од Битола Вељо Тантаров. Тој кажа вистина дека Кичево навистина го одложува сметот. Тоа е од причина што Кичево е град без депонија. Оние што не го знаеле, тоа сега јавно можат да го слушнат, бидејќи постоечката депонија Електростопанство ја користи, бидејќи се наоѓаат наоѓалишта на јаглен и бевме принудени како кичевчани локалната власт тој проблем го наследи да сметот го одлага спогодбено со локалната власта во Битола до оној момент додека не го решиме. Се надевам дека Кичево тоа за скоро време ќе го реши. На Битола ќе им се заблагодари за соработката досега што ја имале и ми се чини дека нема потерба да се створаат тензии и ќе продолжиме понатаму да соработуваме Сметам дека овој Закон треба да се донесе што поскоро.

VII/2.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Токму јас во името на мојот лекторат, на мојата партија за демократски просперитет на албанците и тоа силна партија, силен ректорат и силен пратеник се сеќавате побаравме токму оваа точка да се симне од дневниот ред. Вие господа не го прифативте тоа, меѓутоа тоа е тука сега. Штом се преставува како нацрт, значи ние бевме во право. Дефакто е така.

Второ, ние тука слушавме многу работи, дефакто се работеше во повеќе случаи за една точка како да беше пратенички прашања. Па јас малку би сакал да зборувам околу законот кој и те како е важен а јас имам повеќе причини, затоа што ми парадираат некои поголеми работи во мојата општина Кичево како заедничко Кичево.

Владата на владеачката партија на Република Македонија преку неприоритетното надлежно министерство за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина сега веќе преку бившиот ресорен министер другарот господин Јорго Шундовски на Собранието на РМ му предлага уште еден многу слаб законски проект, овој пат предлог, односно нацрт за комунални дејности. Велиме преку неприоритетното надлежно министерство, затоа што од 8 поглавја и 65 членови колку што ги има овој предлог, нацрт на закон сега веќе, само петтото поглавје односно 15 членови од 33 до 48, или пак 1/8 односно 1/4 е на ова Министерство, односно во процеси 23% од членовите му припаѓаат на ова Министерство како што се уредувањето на градежното земјиште, третото и четвртото поглавје, односно средства за вршење на комунални дејности со 4 членови 25 до 28 и надоместок за употреба на градежно земјиште со исто така со 4 членови 29 до 32 се во претежно надлежност на Министерството за финансии.

Другите 6 поглавја односно 42 члена почнувајќи од основните одредби од член 1 до 11 преку организација и начин на вршење на комунални дејности 12 до 24 па и надзор дури член 49 и 55 па се до осмото и последното поглавје член 58, 65 спаѓаат во надлежност на Министерството за правда. Велиме дека ни се предлага уште еден слаб законски проект затоа што ако се исклучуваат превземените и пренесените скоро соодветни текстови од истите и случните закони од Бивша социјалистичка Југославија, односно Македонија и некои меѓународни стандарди и норми од оваа или слична сфера, па и наводно забелешките од Европа кои се спомнуваат и потенцираат скоро редовно, но никако да ни се доставуваат, приклучуваат о објавуваат дословно те оригинално и во целина за да ги компарираме и проанализираме малку и веднаш се забележуваат на многу јасен начин недостатоците, слабостите, тенденциите и сл. со еден конгломерат на престојувања, односно плагијати не само на туѓи формално правни и материјални правни институции, туку и туѓи внатрешни надлежности од страна на централната власт т.е. владеачката партија на РМ, на штета на органите на локалната власт што беше истакнато повеќепати денеска, т.е. на општините наводно самоуправни што тоа фактички не се кои со овој предлог односно сега веќе Нацрт на закон за комунални дејности се лишуваат и од оние минимални надлежности и ингеренции предвидени и со Законот за локална самоуправа што беше потенцирано денеска повеќепати. Значи и со овој проект се продлабочува на апсурден, чуден и невиден начин со концентрацијата односно централизацијата на надлежностите во рацете на највисоката елита што е и понатаму во екватантна спротивност не само со меѓународните правни норми и конвенции, дури со оние кои ги ратификуваше овој Парламент, туку и со внатрешните одредби вклучувајќи си го и актуелниот Устав на РМ како

што веќе и спомна конкретно некој од претходните дискутанта. Се поставува и прашањето како ќе ги брани овие "правни" односно неправни, или противправни институции некои од потенцираните претставници, или повереникот на ова Министерство ако ги негираме истите со подетална правна теоретска и практична анализа од двата потенцирани правни аспекти. Ако случајно биде присутен некој од наводно Министерството за правда, или поблиску нему можеби ќе се обидува на им пружа колку, толку некаква помош, меѓутоа ако остануваат осамени и ќе бидат дисквалицирани целосно ќе се имаше многу лоши консеквенции и ќе се обележуваше уште една катастрофа во низа и безброј други досега и за Владата на владеачката партија на РМ и беше нехумано и за поттикнувачот. Заради овие причини рационалноста, економичноста и интервенцијата со неколку амандмани кои ќе мируваат веќе сега, не би сакал при оваа прилика да должам околу конкретните недостатоци и слабости на поедини поглавја и голем број на членови, ја користам приликата да не повторувам, туку да се надоврзам и солидаризирам со поголем број на многу студиозни и аналитички забелешки,мислења и интервенирања на заедницата на комуналните претпријатија на РМ, градоначалниците на општините Карпош и Центар - Скопје повеќето од кои по предлогот, сега веќе Нацртот за донесување на закон за комунални дејности се прифатени и вградени во текстот. на овој Нацрт закон. Меѓутоа овој предлог не е усогласен ни со Законот за локална самоуправа, со Законот за јавнит епретпријатија, со Законот за град Скопје посебно со првиот што се однесува до самостојноста, организирањата на некои надлежности се регулативноста на градежното земјиште и тн. како и конкретните оспорувања на членовите 4,6, точка 1, 2, 5, 6, 15, 18 конкретно, членовите 7 и 10, 11 став 2 алинеја 8 членовите 13, 14 до 18 во  целина, 19, 23,24,28 до 38 и членовите 58 до 64 односно

членовите 33 став 3, 34, став 1, 35 став 1, 36 став 1 и 2, 39 став 1 алинеја 8, 41 до 43, 44 став 1 и 45. Значи тоа е за овој предлог на закон како што беше предложен голема катастрофа. И само спрема овие забелешки, интервенции. Овој предлог сега веќе Нацрт на закон за комунални дејности не треба да се донесува конечно туку јас предлагам да се врати на повторна почетна процедура и тоа да го прави целосно новиот состав на правото плуралистичко Собрание после спроведувањето на предвремените и објективните парламентарни избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор заменикот министер за урбанизам г-дин Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Јас уште во воведното излагање кажав дека и со оглед на интересот и потребата од донесување на овој Закон пожелно е да се слушнат уште други предлози и мислења кои што на определен начин ќе бидат анализирани и во последната фаза на овој закон ќе си го најдат најверојатно поголем број од тие своето место. Точно се оствари и оваа дискусија и во Парламентот од страна на пратениците и практично ги ценам сите излагања и немам претензија сега да одговарам конкретно, или да понудувам соодветно решение во Законот, меѓутоа со цел определени прашања и дилеми кои што се поставија кои што отскокнуваат од дискусиите и од Законот сметам дека треба да дадам, кратко образложение.

VII/6.-

Ќе се обидам со ред. Беше поставено прашањето приклучувањето на комуналната инфраструктура на бесправните градби да се брише, меѓутоа и во првата фаза на овој закон точно тој член беше доста добро прифаќан така што не е тенденцијата да и на таков начин се спречува бесправната градба, меѓутоа доколку се дозволи на бесправните градби покрај сите работи па и да се приклучуваат на објектите на комуналната инфраструктура се доведува во прашање функционирањето на комуналната инфраструктура имено се димензионираат потребите на еден град, на пример од водоснабдување според бројот на објектите и бројот на жителите, а овие објекти излегуваат вон категорија па ќе се дојде во прашање водоснабдувањето на оние легално изградени за разлика од оние бесправно изградени.

Во однос на депониите имаше повеќе дискутанти. Јас само можам да кажа, дека сите тие дејности држат место бидејќи состојбата е да не речам катастрофална. Сакам да нагласам дека во рамките на националниот еколошки и акционен план кој што Владата пред неколку месеци го усвои и е усогласен и со инвеститорот Светска банка на определен сегмент на тој план е дадено доста внимание на депониите и Министерството е во фаза на подготвување на проекта задача за изготвување на стратегија за депонирање на цврстиот отпад која што точно ќе ја дефинира мрежата на депониите и нивното функционирање па се до поставката со цврстиот комунален отпад, односно дури и со постапката со опасните и штетни материи.

Имаше прашање околу тоа каде се трошат средствата за улично осветлување. За тоа треба да се прашаат градоначалниците бидејќи тие одат во буџетите на општината и понатаму нивната судбина таму треба да се види.

Во однос на мониторинг на загадувањето вие се сеќавате сигурно при донесувањето на Законот за заштита на животната средина се даде можност да се формира служба за мониторинг на ниво на Републиката односно во Министерството за урбанизам. Таа се пополнува со потребниот кадар и дури и со потребната опрема така што сметам дека за брзо време тој мониторинг ќе биде обезбеден и ќе се следи целокупното загадување на територијата на РМ.

Прашањата околу сопственоста на објектите на комуналната инфраструктура се навистина карактеристични меѓутоа треба да се сфати и тоа дека доколку се дозволи објектите на комуналната инфраструктура да бидат сопственост надвор од сопственост на Републиката постои опасност на затворање на нивната употреба. Нормално постојат случаи каде што со самопридонес дури се градат локални патишта, но утре може да се рече дека овој пат е наш, на нашата општина и ние не го даваме на употреба за други соседни општини итн., а тоа ќе асоцира дури и на определена регионализација во користењето на некои објекти на комуналната инфраструктура. На пример ако постои солиден извор на вода за пиење па тој е каптиран и треба да претставува сопственост само на една општина, а потреби од вода за пиење имаат и другите општини, па затоа формулацијата околу сопственост ана објектите на комуналната инфраструктура треба да се изостри до тој степен да се дозволи користење на таа инфраструктура од сите субјекти да речам и без ограничување во искористувањето.

Во однос на средствата од доделувањето на градежното земјиште, а од некој пратеници се измеша и од средствата од уредувањето на градежното земјиште би го кажал следното. Средствата од уредувањето на градежното земјиште се на општината и општината со нив располага и

ги насочува за уредување за градежно земјиште, така е и по пропис, ако ги користи за други цели, тоа е нивна одговорност. Меѓутоа средствата од доделувањето на градежно земјиште мора да се издеференцираат и да бидат сопственост на сопственикот, односно со нив да располага сопственикот на градежното земјиште. Вие знаете дека градежно земјиште, или земјиште има државата, има општината и според тоа секој од своето земјиште ќе си ги користи средствата на начин како ќе си определи. Меѓутоа не е својствено земјиште сопственост на државата цена да определува општината па државата го дава на користење и средствата да одат во општината. Државата ќе има потреби да со тие средства или експропира земјиште за потребите повторно на државата, или на определен начин државата ќе ги дава средствата повторно на општините, но под други форми како што тоа го правиме со партиципација во учеството во изградбата на комунални објекти, на водоводи, на патишта, на канализации итн.

Едно од прашањата што беа покренати беа зошто се исклучува општините да формираат јавни претпријатија, или да се даде под концесија управувањето односно депонирањето на опасни и штетни материи. Мислам дека логично е опасните и штетни материи треба исклучиво да ги регулира Државата, бидејќи постои опасност во РМ да се донесат такви опасни и штетни материи од светот што после ќе се чудиме што ќе правиме.

Многу од дискутантите се изјаснија дека со овој Закон се задира во сферата на единиците на локалната самоуправа. Јас би рекол дека ако доволно текстот се прати мислам дека овој закон е еден од поретките закони во кои што многу често се спомнува единицата за локалната самоуправа и Градот Скопје.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:** (продолжение)

Значи, јас сметам дека е сосема обратно. Во овој закон се дадени исклучителни права на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје во многу сегменти, во многу области така што сметам дека таа оценка за задирање во сферата на локалната самоуправа не држи,а имајќи предвид и тоа дека многу прашања што се определени како надлежност со Законот за локалната самоуправа на општината треба да се регулира со закон, тоа е овој закон и следните закони кои ќе произлегуваат како посебни закони од истиот и зошто да се плашиме да се носат закони за да единицата на локалната самоуправа и Градот Скопје работат според закони.

Нема послаб и по контрадикторен закон. Таа формулација, таа дискусија се поткрепува најмногу со само две глави во овој закон во однос на употребата на градежното земјиште и уредувањето на градежното земјиште за кои некои дискутанти тврдат дека исклучително место им е во законот за градежно земјиште, а не во овој закон. Меѓутоа, во светот и во Европа постојат дури и специјални закони за уредување на градежно земјиште,постојат закони за околина и простор каде е регулира- но тоа прашање, а не само во Законот за градежно земјиште, тоа кажува дека и во овој закон е можно уредувањето и употребата на градежното земјиште да се регулира, меѓутоа, само за две глави за кои еве оценката е дека на друг начин ќе се регулираат, законот да претставува слаб и контрадикторен не е правилна оценка, веројатно ако законот се гледа и од други аспекти, па така и дискутантите дискутираат.

На крајот би сакал да не одговорам на пратеникот Рамадани како не приоритетно министерство, меѓутоа, мислам дека ние како Министерство подготвивме приоритетен закон, Владата го оцени како

приоритетен и многу дискутанти така кажаа, па ќе се сретнеме во понатамошната фаза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали можам да констатирам дека никој повеќе не бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува нацртот на законот за комунални дејности.

2. Владата на Република Македонија ќе го изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата, укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, забелешките на пратениците Здравко Стојковски, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Славе Наумовски, Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на споменатите пратеници, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (64)

Дали има против? (1)

Дали има воздржани?(Нема)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

VIII/3.-

Преминуваме на третата точка - Предлог за донесување на закон за јавното правобранителство.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Џеладин Мурати Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Мерсим Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа пратеници, со оглед дека го имате текстот на Предлогот за донесување на законот нема да дадам некое посебно образложение, ќе се задржам само на две три работи кои мислам заради јавноста треба да се истакнат на оваа седница.

За разлика од стариот закон за Јавно правобранителство кој е донесен пред 20 години и кој ја штитеше и ја застапуваше Републиката општините, СИЗ-овите и другите институции кои црпеа средства од Буџетот, новиот закон за јавно правобранителство се разликува во тоа што тој се сведува само на еден орган на државата, претставник на Републиката кој ќе ги штити имотите и другите интереси на Републиката.

Со трансформацијата на општествениот капитал и со неговото претопување во државен и во приватен капитал во голема мера се намали обемот на работата и ингеренциите што ќе ги има овој орган кој во случајот не е уставна категорија. Новината е во тоа што Јавното правобранителство како и многу други институции кои постојат во власта и заради власта не се предвидени во Уставот, но фактички има потреба од една таква институција, бидејќи државата и понатаму ќе има свои имоти.

VIII/4.-

Мал проблем претставува што новата организациона форма на..... правобранителство е организирана само на ниво на државата, ...... правобранител и 12 заменици правобранители наместо досегашен..... правобранител и 2 6 општински правобранителства. Сега, ...... фактот што општините на некој начин со преструктуирањето што ....... во новиот Устав и со укинувањето на општините односно конституциите ..... на единиците на локалната самоуправа и одземањето на имотите... со кои располагаа општините, сега се наметнува таа работа да се ...... и преку еден орган единствен на ниво на целата Република. .... Со оглед на тоа што законот за единиците на локалната самоуправа ... и единиците на локалната самоуправа односно општините ... имаат свои имоти подвижни, но пред се неподвижни така што и .... се наметнува потребата некој да ги штити во име на тие општини и тие ..... имоти пред органите кога за тоа ќе се .... Тоа, најверојатно , ќе се стори со пренесување на над.... замениците јавни правобранители на ниво на општина односно.. на општини за подрачјата на 12 општински судови и тие пак.... и интересите на општините. Или, тоа може да се стори со ..... имоите на општините можат да овластат одредени правобранители ги штитат нивните интереси и тоа се однесува за спорови, имотни и други права и интереси било во земјата или надвор од неа. ... при носењето на новиот закон исто така во голема мерка се ..... вид даб се рационализира бројот на замениците јавни правобранители... што реков порано поради намелениот обем со тоа што секогаш....... на ниво на заменици правобранители во општините ....... општинските судови и Републичкиот јавен право-

VIII/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На некои им се брзаше, па бараа пократко и пократок ќе бидам. Видете вака. Владата Ви предлага закони, а Вие сте тука мнозинство во Владата, не мората воопшто да дискутирате, значи можете да спиете. Меѓу- тоа, ние како права опозиција сме тука да реагираме.

Овој Предлог за донесување на закон за Јавното правобранителство не само што не требаше да се стави на дневен ред пред ова Собрание каков таков, туку ниту заслужува не посебно туку ниту никакво внимание. Овој законски проект спрема неговата и така слаба и никаква содржина не може да се скрати на перфиден и камуфлиран начин и самиот наслов како Предлог за донесување на закон за Јавното правобранителство, туку со грешката да се оди до крај и дословно да се заокружи спрема есенцијалната правна регулатива на заштита на имотните права и интереси како предлог за донесување на закон за јавното правобранителство на Владата на Република Македонија. Тоа адекватно точно ќе одговараше на самата содржина на овој Предлог на закон кој ни се предлага. Само на овој начин самиот наслов на овој предлог за донесување на овој закон одговара адекватно на начелата и содржината на проектот, потенцирам.

Во причините за донесување на законот кој и де јуре и дефакто е верен наследник и физички и ментално на едноумието на социјалистичкото уредување на преживеаното општествено уредување од една страна дека и законот за јавното правобранителство, цитирам, "ја засноваше својата организациона поставеност и делокруг на работа врз сега веќе надминати општествени односи на постоење на општествено политички заедници', посебно заштита на општествената

сопственост. Сега, под фирмата на наводно правната заштита на имотните права и интереси на Република Македонија се признава дека улогата и надлежноста на овој бивш орган се девалвира понатаму и се организира како служба на Владата на РМ. Голем апсурд. Тоа значи дека се продлабочува чувањето на етатистичките и технократските односи на правно односно не правилно регулирање во полза на една елита на бирократи и монополизирање, концентрирање и понатамошно централизирање на надлежностите на извршната власт која претендира и на овој начин да го продолжи својот век на владеење.

Овој Предлог за донесување на закон нема никаква врска со начелата на правната заштита на имотните права и интереси на РМ и нејзините органи како ни со законското застапување, туку напротив тоа чисто и бескрупулозно мешање во надлежностите на другите органи и во спротивност со Законот за судовите, со Кривичниот законик, со Законот за кривична постапка, со Законот за парнична постапка, со Законот за Јавното обвинителство, со Законот за народниот правобранител и т.н. од оваа и слична сфера, како и заеднички и посебно ги заштитува и те како имотните права и интереси како такви закони кои се веќе донесени не само на граѓаните на правните и физичките лица, туку и на цела Република Македонија и на извршната власт односно на Владата на владеачката партија на Република Македонија.

Заради овие изнесени и други причини овој законски проект е сувушен, а од друга страна значи потполно девалвирање не само на правосудството односно јуриспровиденцијата, туку и на правниот систем т.е. ипсојуре самото право воопто.

Само да се погледаат површно членовите 2,4 став 3, 6 став 2, член 7 став 2, член 13 став 2, член 17 , член 18 став 2, член 22 став 2 и т.н. , па да се добие права слика, а не правна како не треба да се прима и правно

нормира оваа сфера. Заради овие и низа други причини повторно предлагам и потенцирам да не се прифаќа овој Предлог не само за донесување на закон за јавното правобранителство, туку ваков и сличен закон е непотребен, сувишен, без значаен без никаква смисла и логика и да не се донесува никогаш ни во овој состав ни во овој законодавен дом, па ниту во идниот состав на овој Парламент.

(Со седницата продолжи да раководи Блаже Филиповски, потпретседател на Собранието).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Љупчо Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги. Добро, ќе имаме различен приод, тоа е добро, за разлика од претходниот мој колега кој сметаше дека овој закон е непотребен, јас сметам дека е добро што оваа институција јавен правобранител се задржува, бидејќи истата сега како служба на Владата, бидејќи истата е потреба во овој временски период на транзиција и трансформација на општествениот капитал со цел да ги зачува интересите и имотот и на државата и на општините.

Земав учество и на Комисијата за внатрешна политика и одбрана по однос на овој закон и овде ќе изнесам само две констатации и два предлога или сугестии мои лични.

Првата констатација во однос на потребата натамошно постоење на оваа институција поранешна, а сега како служба на Владата, мислам дека и самиот закон и во содржината и во образложението ја елаборира

и таа стои, бидејќи имаме имот на државата некој треба да го штити, имаме имот на општините исто некој треба да го штити, а тој имот во кој се вложени огромни средства и на државата и на сите граѓани во овој временски период е предмет на различни упади, на обиди да стане приватен или обиди да го нема односно некој да го присвои.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ: (**Продолжение)

Службата, предвидена во Предлогот за донесување на закон за јавно правобранителство мислам дека ова нешто може да го оствари. Исто така, мислам дека е добро решение во Предлогот за донесуваше на закон што, бидејќи надлежноста е намалена што се рационализира оваа служба во смисла на помал број на заменици затоа што правата и надлежностите на оваа институција се многу во помал обем отколку што беа порано.

Најповеќе сакам да укажам на потребата од предвидување покрај државниот имот потребно е оваа институција, служба да посвети внимание и на имотот на единиците на локалната самоуправа. Знаете дека со Законот за локална самоуправа рековме дека општините се правни лица. Рековме исто дека општините имаат имот. Тоа нешто веќе со комисиите што доаѓаат во општините, предмет на делбен биланс меѓу имотот на државата и имотот на општините, знаеме дека во огромен дел, во огромен процент тој имот на општините е резултат на придонесот на граѓаните, местен самопридонес или на друг начин финансирање од самите граѓани. Ако оваа служба не посвети внимание овде на заштита на правата и интересите на општините, како правен субјект и на имотот на општината, мислам во ова време на трансформација на општествениот капитал многу лесно овој имот може да биде предмет и веќе во одделни општините се случува од страна или на приватни претпријатија или акционерски друштва се прават обиди одре дени објекти што сеопштински имот, што се со местен самопридонес или на друг начин изградени, сега преку владеење од 20 или 30 години поради тоа што некогашните собранија овие јавни објекти ги има дадено на користење и владеење на овие субјекти, сега тоа го прикажуваат во судовите го покажуваат како свој имот. А самото тоа бидејќи знаеме дека

кај нас ќе дојде до трансформација на капиталот во приватен капитал, тоа значи дека овој имот многу лесно ќе дојде во приватни раце.

Втората моја сугестија и предлог е искуството предвидено во законот од 5 години после положениот правосуден испит за правни работи да биде помал, да биде три години, од причини што во општините има голем број млади стручни кадри кои имаат три или четири години искуство после положениот правосуден испит. Тоа се луѓе на своите 30,32 и 35 години, ако се знае дека завршиле на 24-25 години. Тие луѓе веќе никој не ги прифаќа, а стручни се, бидејќи со сите позитивни законски прописи за сите правосудни функции рековме дека е 5 години. Ова, ако за судија, ако за обвинител или одредени други правосудни функции можеби може да се елаборира ова искуство, мислам дека за замениците на јавните правобранители не е во тој домен, во тоа ниво потребното искуството и од аспект на прифаќање на овие млади стручни кадри, нивно вработување, давање на една функција, ангажирање, а и од втора причина што веќе во одделни општини, ќе видите веќе и во објавата од одделни општински судови, дали апелациони, дали основни, ќе видите дека не може оваа потребна бројка за судии да ја задоволиме затоа што и оние стручни кадри кои имаат искуство над 5 години немаат интерес ниту желба да бидат судии или заменици обвинители и други правосудни функции. Приемчиво е да бидат адвокати и приватни бизнисмени. Ако веќе тоа го имаме, сега сме сведоци дека еве ќе донесуваме одлука, објава за бројот на судиите бидејќи во првото пријавување немавме заинтересирани, мислам дека е потребно заради тие млади стручни кадри и заради имање на луѓе кои ќе ја вршат оваа функција, ова искуство да биде намалена.

Ова беа причините што ми дадоа за право да се обратам до Владата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Ристо Трајков има збор.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, Заради севкупните промени што настанаа по осамостојувањето на Република Македонија, а особено со заокружување на законската регулатива се наметнува потребата од доградба на истата, заради правна заштита на имотните права и интересите на Република Македонија. Токму овој закон ќе ја уреди оваа регулатива и ќе се создадат услови за заштита на имотните права на Република Македонија. Од тие причини предлагам овој закон да го гледаме во две фази, да не го гледаме како нацрт, туку да одиме директно на Предлог закон.

Имам неколку забелешки што сакам да ги кажам кај делот на надлежностите на јавниот правобранител.

Мислам дека овде, со Законот за судовите дадовме една категорија, односно група предмети, дел на бесправно заземено општествено земјиште, односно популарно наречено узурпација. Со Законот за судовите ја пренесовме таа надлежност. Меѓутоа сега сме во состојба, после овој закон, еве помина една година, година ипол, овие предмети не се работат на територијата на РМ и имаме една катастрофална состојба секој каде ќе најде заградува, приграбува општествено земјиште а нема кој да се јави какао заштитник на тоа земјиште затоа што судовите не се во состојба во овој момент оваа материја да ја обработуваат.

Затоа предлагам да се размисли во наредната фаза, односно да се изземе делот од Законот за судовите, узурпацијата, да биде пренесена овде во јавното правобранителство. Мислам дека тука имаме, постојните органи, имотно - правните служби што се во состав на Министерството за

финансии, има доволно кадар што може, и до сега ја работеа оваа работа, што можат сега да ја работат оваа работа, односно правобранителот до сега поднесуваше само предлог во делот на експропријацијата. Целата друга постапка ја водеа токму овие служби. Сега, овие служби ги оставивме со тоа што им ја одзедовме узурпацијата. Со Законот за просторното планирање им го одзедовме доделувањето, останаа без работа. Не треба овие луѓе едноставно да ги фрлиме на пат. Во поголем дел се со работно искуство повеќе од 15 години и условите што се дадени во овој закон ги исполнуваат еве како, како заменици јавни обвинители, да бидат вклучени и овие во овој дел на оваа работа.

Бидејќи ова јавно правобранителство ќе биде служба на Владата, јас имам една идеја, едно размислување дали не е можно, ако биде служба на Владата да биде таа дирекција во Министерството за финансии и станувајќи дирекција на Министерството за финансии да бидат вклучени сите овие луѓе во овој ресор?

Друг дел што сакав да го кажам во надлежностите е, во моментов во Републикава се спроведува излагање на катастарскиот имот во катастарските општини. Овде нема кој да го штити, со овој Предлог-закон, општественото земјиште. Не да дено во надлежностите на јавниот правобранител. Значи имотната состојба се излага и на приватните и на Републиката, а ќе немаме претставник со овој закон во овие комисии нема кој да го штити државното земјиште и затоа како нова надлежност да биде и оваа функција.

Еве, толку во кратки црти.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Хисен Рамадани има збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Уште едно размислување можеби нема да биде на одмет да размислиме заедно.

Прво, треба концепциски да се расчисти што се сака со овој закон, дали сакаме да воведеме една посигурна правна заштита на имотот, државен, јавен и општите добра или сакаме да формираме нова државна институција?

Ако се прашувам јас, јас сум за првото, а не за второто. Значи, ; сум за тоа да се воспостави систем на сигурна заштита на државниот и јавниот имот, како што реков и на општите добра, а тогаш да се види на каков начин е тоа подобро можно да се заштитат.

Праксата што е преземена од досегашното јавно правобранителство, ако се земе искуствено, до сега не покажа резултатите. Напротив на подрачјата каде што беше најзадолжена тој орган да ги заштити тие односи, состојбите беа најслаби. На пример, со грабењето на јавното земјиште.

Второ, праксата до сега покажа дека токму заради постоење на тој орган беа дестимулирани другите државни, самоуправни, како што ги викавме, општински и други органи да се ангажираат во оваа област, потпирајќи се на тоа дека постои тој посебен таков орган кој таа работа треба да ја преземе.

И сега, мое уверување е дека ја повторуваме истата таа можна грешка формирајќи ваков еден орган во вид на една служба на Владата, внатре во Владата, да ги дестимулираме сите други владини органи, овластени со веќе постојните закони и обвинителствата и судовите, редовно да ја следат работата во заштита на предметниот имот.

IX/6.-

Убеден сум во тоа и затоа јас сум за обратен приод на оваа материја. Ние да донесеме закон за заштита на државниот, јавниот имот, како што реков и добрата. Ако мислиме дека тоа веднаш треба со некоја институција државна да се врзе, тогаш да кажеме, како што беше тука спомнато, закон за формирање на дирекција за заштита на државниот имот итн., при овој орган или при Владата. Оти, мислам дека со вакви индивидуални, инокосни правни органи ние до сега не добивме сакани резултати во оваа област. Сега, истата таа работа и ова е сега и во законот упатено така за постојано да врши некаква координација помеѓу органите, за состојбите, за иницијативата итн. Мислам дека е тоа невозможно и нема да се реализира.

Значи, предлагам закон за заштита на имотот, а потоа да се види која институција во рамките на Владата тоа може да го направи. Тврдам дека државниот имот е атакуван и тој треба да се штити и другите јавни добра се разбира, но мислам дека овој начин не е најдобар што се предлага вака.

Еве,ова само како размислување.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динто Ковачевски има збор.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Почтиувано Собрание,

Добро е што на дневен ред го имаме Законот за јавното правобранителство. Јас имам едно укажување во членот 16 од Предлогот на законот каде што е предвидено јавно правобранителската функција на територијата на РМ да се извршува преку заменици на јавниот правобранител со седишта во вкупно 12 градови. Со тоа што седиштето Охрид е заедничко за основните судови Струга и Охрид. Седиштата на замениците јавни правобранители утврдени во челното 16 од Предлог на законот се поклопуваат со седиштата на основните судови во Република Македонија кое согласно член 32 од Законот за судовите

имаат повисока надлежност во однос на останатите основни судови, со тоа што им е доделана постапката во стечај, ликвидација, управно - сметководствени спорови итн. Во сите седишта на овие судови со Законот е предвидено да има седишта и замениците јавни правобранители. Во спомнатиот член 16 направен е исклучок само за подрачјето на основниот суд Струга, каде што е востановена повисока надлежност а нема седиште на заменик јавен правобранител. Овој исклучок е направен и за Кавадарци.

Предлогот е во предлог-законот што ќе следи после оваа денешна расправа да се предвиди седиште на заменик јавен правобранител во Струга, само за Струга, како што впрочем имавме предлог, писмен предлог од Џеладин Мурати. Или, доколку се смета дека е потребно тој заменик да биде и за општината Дебар, со оглед на тоа дека до 1982 година јавното правобранителство беше со седиште за Струга и Дебар во Струга. Само еден пример ќе наведам дека само до месец февруари 1997 година заменикот јавен правобранител во Струга имал 634 предмети, што претставува поголем број од соседните општини што со овој предлог за донесување на закон предвидува да има седиште. А, кажав дека некои општини се исклучени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Лазаров има збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Дозволете накратко да го кажам своето мислење за овој закон. Јас лично не сум убеден во неопходноста од донесување на овој закон со што ќе се формира еден нов орган, иако во минатиот систем постоеше, што треба да го штити државниот имот.

Ако имотот е државен, а државата има своја власт, своја Влада, свое Министерство, свое судство, обвинителство,не сум убеден во овој момент дали треба да правиме нов орган што ќе го штити овој имот.

Од тие причини нема да гласам за донесување на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Навистина за размисла е поставувањето на овој закон за јавен правобранител. Меѓутоа, излегов да кажам дека имам убедување дека има потреба од постоење на една ваква институција од аспект што во Републиката се извршени процеси на трансформација на општествената сопственост и тоа во нејзините познати два облици, државна и приватна сопственост.

Секако дека во докрајното изведување на овие два модели ќе се јават бројни спорни процедури, освен тоа имаме обврски за донесување на Законот за денационализација што уште повеќе ќе продуцира проблематика од оваа сфера. Така што државата ќе треба да има една легитимна институција која што на легален и легитимен пат треба да ги следи и проследува сите овие процедури.

Јас излегов повеќе да дадам некои аргументи во смисла и на излагањето до колегата Ковачевски во однос на заменик правобранител во општина Струга и образложението го фундирам на следните елементи:

Прво, Струга по број на жители е иста како Охрид.

Второ, Струга претставува и околината ридско - планински предел со недовршена инфраструктура, што ќе ја отежнува комуникацијата на граѓаните со оваа институција.

IX/9.-

Трето, како критериум за определување на позицијата на основните судови и Струга и Охрид е на исто ниво, бидејќи им е дадена повисока надлежност откако на други основни судови, со тоа што им е дадена и надлежност од областа на стопанското право, стечајните постапки, така што мислам во моделирањето на Предлогот на законот би требало да се имаат во предвид и овие наши гледања во интерес на граѓаните од ова подрачје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги, јас мислам дека сеуште во државата има потреба од една ваква институција и ќе дадам поддршка на еден ваков закон за јавно правобранителство, бидејќи на некој начин оваа институција ја запоставивме и на некој начин ја сведовме на можност таму ете луѓе пред пензија и слично така да ги обезбедуваме повеќе за нив отколку што навистина ни треба една таква институција. Лично сметам дека дури добро е што ова јавно правобранителство се поврзува со Владата, затоа што ние сме на почеток на функционирање на локалната власт, а веќе ни се јавуваат огромни прашања и проблеми. Мислам дека дури точно сега ова правобранителство ќе треба да разреши низа проблеми, дури ќе треба како што рече еден од претходните дискутанти да легализира низа состојби – не навлегувам во тоа дали тие биле исправно или неисправно разрешение, меѓутоа, ќе мора веќе тие да бидат легализирани, да се знае што е тоа државна сопственост, што е тоа приватна сопственост и мислам дека ова правобранителство ќе има еден значаен удел во разрешувањето на проблемите кои објективно ќе произлезат од Законот за денационализација. Дури мислам дека членот 12 најверојатно најповеќе сака на еден безболен начин да реши дел од она штоп ќе биде негово ангажирање а тоа е дека во секој случај ќе се обидува спогодбено да ги решава проблемите, пред да дојдат тие во редовните судови. Мислам дека така стои во членот 12. Тоа е една многу убава определба, затоа што ние мораме, ако сакаме овој Закон за денационализација да заживее и што побрзо да го имаме во функција ќе мора да се соочиме со реалноста дека мора да., настане и одредена промена н на титуларот и

на сопственоста во интерес тој закон оваа држава да ја чини што помалку, а не како сега како бауч што се провлекува бројката од околу 1.500.000 долари, што е сигурно застрашувачка.

Точно ова правобранителство, вака рационално поставено со еден правобранител на ниво на државата и негови 12 заменици јас мислам дека ќе може квалитетно да ги разрешува прашањата и проблемите. Сеуште процесот на трансформација го немаме финализирано. Ќе прашате зошто. Во процесот на трансформација ние оставивме еден значаен сегмент, а тоа е земјиштето . Кога тогаш и тоа прашање ќе мора да дојде на дневен ред, за да имаме комплетна трансформација и комплетни сопственички односи. Вие знаете низ кои се процеси се помина, убаво зборуваа некои колеги, комасации, арондации, дури и промени на текови на речни корита и т.н. доаѓа време кога сето ова треба да се постави на цврсти темели и понатаму да се знае кој со што располага.

Сугерирам бидејќи ова е прва фаза да се видат можности ова правобранителство да не биде потценето, да не биде минимизирана неговата улога, а тоа значи сите стручни лица што се таму вработени, стручни соработници, приправници и целиот тој потенцијал да добие една димензија на рамноправност со она што го викаме дел од еден правосуден систем. Во таа смисла да се видат и можностите кои значат бенифицирано одење една година пред пензионирање или евентуално еден период на адаптација при изнаоѓање на друго вработување, ако со овој рационален приод остана луѓе да не бидат ангажирани во ова јавно правобранителство.

Исто така мислам дека тука треба да се размисли, бидејќи овие луѓе се драгоцен капитал на државата, што нивното искуство и дури нивните лични познавања на состојбите многу ќе значат во правилното разрепување на проблеми кои ќе произлезат.'Добро е кон овој кадар од

правосудната сфера да се однесуваме рамноправно како што се однесуваме кон кадарот кој што го избравме во судовите и во обвинителствата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-динот Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Само еднократно објаснување заради дистинкција. Не е во прашање дали треба и како треба да се заштити државниот интерес. Во прашање е институтот кој тоа треба да го прави. Се додека има држава ќе има и државен имот. Судовите се независни во својата работа и тука имаме странки, тужени или кои се договараат и некој треба да ја штити државата. Сега во судовите има илјадници спорови во кои се тужи државата. Во државата и натаму ќе се градат објекти од општествен интерес, заради кои треба да се ограничи правото на сопственост, да се врши експропријација за изградба на болница, пат или некој други инфраструктурана објект и тоа треба да го стори некој. Не може целата држава некој во име државата тоа треба да го стори.

Проблемот со узурпациите исто така е многу присутен и многу болен проблем. Тие проблеми досега ги решаваа службите за имотно - правни односи при општинските собранија, кои беа во состав на министерствата за финансии како посебно одделение и сектори. Но не се покажаа многу ефикасни. Сега некој треба постојано да бдее над тој имот. Тој имот се разграбува, патиштата се стеснуваат, утрините се губат, шумите исто така се посвојуваат. Ова е улогата на овој институт. Јавниот правобранител на многу јазици се преведува како јавен адвокат, јавна адвокатура и ако не биде тоа јавниот обвинител кого на најрационален начин сега го предлага Владата, ќе треба да биде некој друг, да биде некој адвокат или друг застапник кој државата.....

... 20 или 30 работници, ќе ја чини многу поскапо, затоа што...... застапници пред  судските и други органи во државата и над...... треба некој да ја застапува и тоа ќе чини многу поскапо ...... би чинело вака како што предлага Владата. вој предлог да го прифатите

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам, да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување закон ... правобранителство.

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави.....  при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата ..... извештаите на работните тела на Собранието, забелешките и укажувањата од расправата на седницата....

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела .....забелешките на пратеникот Џеладин Мурати и укажувањата..... на седницата, да се достави до Владата на РМ и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

61 пратеник гласаше за.

Дали е некој против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Тројца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дела Собранието го усвои предложениот Заклучок

X/5

Преминуваме на <u>четвртата точка</u> - Предлог на одлука за огласување избор на судии во основните судови.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии во основните судови.

Преминуваме <u>на петата точка</u>, барање за давање автентично толкување на членовите 425 и 426 од Кривичниот законик "Службен весник на РМ" број 37/96), поднесено од пратеничката група на партијата за Демократски просперитет.

Барањето и извештајот на Законодавно правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ констатира дека барањето за давање автентично толкување на членовите 425 и 426 од Кривичниот законик, ("Службен весник на РМ" бр. 37/96) поднесено од пратеничката група на партијата за Демократски просперитет не е оправдано и дека нема

потреба од автентично толкување на овие членови од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со извештајот на ЗПК на Собранието да се достави до координаторот на пратеничката група на ПДП.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Двајца пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Двајца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на шестата точка - Барање за давање автентично толкување на член 2, членот 3 став 1 и членот 4 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр.50/91 , пречистен текст) поднесено од претпријатието за производство и емитување на радио и телевизиска програма "АБ-ПЛУС" ДОО Експорт импорт- Скопје.

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени .

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 2, членот 3 став 1 и членот 4 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр. 50/91-пречистен текст), поднесено од претпријатието за производство и емитување на радио и телевизиска програма во "АБ-ПЛУС" ДОО Експорт-импорт-Скопје не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овие членови од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на ЗПК , да се достави до претпријатието за производство и емитување на радио телевизиска програма "АБ-ПЛУС".

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок

Преминуваме на седмата точка - Барање за давање автентично толкување на членот 81 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 92/95) поднесено од Републичкиот одбор на месните заедници.

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на РМ констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 81 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 92/95) поднесено од Републичкиот одбор на месните заедници не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на ЗПК на Собранието.

2. Овој заклучок, заедно со извештајот на ЗПК на Собранието, да се достави до Републичкиот одбор на месните заедници.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шеесет и шестата седница на Собранието.

Дозволете ми пред да се разделиме на припадниците на ромската националност да им го честитам празникот "Хедерлес" и да им посакам добро здравје и многу успех во животот.

(седницата заврши во 15,20 часот.)